Стефан Марковски

# МАЈСТОРИ ЗА ОГЛЕДАЛА

***МАЈСТОРИ ЗА ОГЛЕДАЛА***
Стефан Марковски

Издавач:
Современост, Скопје

За издавачот:
Мишо Китаноски

Уредник:
Славчо Ковилоски

На корицата:
Никола Голубовски, Мајстори за огледала

Лектура:
Верица Тоциновска

Печати:
Академски печат, Скопје

Тираж:
300

Стефан Марковски

# МАЈСТОРИ ЗА ОГЛЕДАЛА

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје, 2019

## Ликови:

Коѕак Чернопеев, млад писател
Пепси, поранешен зависник, пчелар
Ката, новинарка
Ѕвонко Пампур, бизнисмен
Милева, економистка, сестра на Ката
Хамлет Андерсон, Данец
Мито, татко на Коѕак, пензиониран мајстор-занаетчија
Марина, мајка на Коѕак, домаќинка
Ѕуница, секретарка на Ѕвонко
Навивачи

## СЦЕНА 1

Станот на Мито и Марина. Коѕак си го пакува куферот. Мито и Марина се облечени во скромна домашна облека и седат на маса. Марина чисти пиперки и ги става во голем метален сад. Мито, седнат спроти неа пуши цигара и чита весник. Ѕвончето ѕвони.

Марина: Некој ѕвони.

Мито врти нов лист.

Марина: Слушаш? Некој ѕвони.

Мито: (Ја гледа.) Е да де. (Продолжува со читање, мрморејќи си го на себе прочитаното.)

Марина издивнува зачудено и оди до вратата. Отвора. На вратата е Ката. Носи ранец.

Марина: Здраво.

Ката: Извинете, дали е ова станот на... (Вади ливче и чита од него.) Мито и Марина Чернопееви?

Марина: Да, што ви треба?

Ката: Моето име е Катерина и јас сум репортер за Телевизија „Атрибут“. Дали може да поразговарам со... (Се свртува кон ливчето.)

Марина: (Ја прекинува.) Коцак не е овде. И не знаеме кога ќе се врати.

Ката: Хмм... дали би можеле...

Коцак прекинува со пакување и задишано дотрчува до вратата.

Коцак: Димензијата во која се наоѓам понекогаш прави времето да минува побргу од очекувањата! Изгледа се вратив!

Марина разочарано се трга од вратата и седнува на масата да чисти пиперки.

Коцак: Тик-так! Sppp! Бао! О, добар ден.

Ката: (Се насмевнува.) Извинете, моето име е...

Коцак: Ката?

Ката: Откај знаете...?

Коцак: Како „гата“ само со К. Види, ѕидовите имаат уши а меѓу вратава и мојон куфер нема ни ѕидови, ни нивни уши, напротив, само моиве те регистрираа. (Ѝдошепнува.)

Татко ми е мање-више глув, знаеш... (Се свртува на миг кон Мито.)

Ката: Би сакала да Ве интервјуирам во врска со вашиот семеен, ова... случај.

Коџак: Мислиш на нашиот меѓусебен судски спор?

Ката: Да... секако.

Коџак: (Покажувајќи го палец кон Марина и Мито.) Па, тоа е... нивна работа. Но не им се лутам. Башка татко ми има шеќер, а како резултат на тоа и коронарна срцева болест и им требаат пари за стентови, операции и лечење...

Ката: Само да ја вклучам камерата.

Ката го отвора ранецот, зема камера и микрофон. Коџак зјапа збунето ту во камерата ту во микрофонот.

Коџак: (Поткашлува, си ја мести фризурата.) Едноставно, старите мои решиле да се ослободат од мене, истовремено дарувајќи ми и мене, по дефиниција, слобода со самиот тој акт. А знаете како рекол господинот Линколн, *оние кои ја порекнуваат слободата на другите не ја заслужуваат ни самите*. Моите родители впрочем, го епитомизираат суштиот опозит на ваквата констелација на состојбите. Имено, тие ме обдаруваат со толку слобода што слободно можам да го напуштам станов без да се вратам. А тоа, сакал-нејќел и ме чека. (Вади лист хартија од џеб.) Погледнете.

Ката ја спушта камерата и го зема листот.

Ката: Што е ова? Судска пресуда...

Коџак: Е, таква е.

Ката го фотографира листот со камерата, па повторно ја спушта.

Ката: (Чита.) „Согласно член 47 од Законот за семејство, како и најновите дополнувања на Законот за социјална заштита, член 469 алинеја 16 е донесена следнава Пресуда: првоименуваниот ќе мора да го напушти домот на своите родители Марина и Мито Чернопееви во рок од 30 дена." Чекај, првоименуваниот си ти...?

Коџак: Е и јас сум во нешто прв.

Ката: Мислам дека е ова случај без преседан. Мора да направиме бум статија.

Мито: (Кон Марина.) Бум? Рече некој бум?

Марина: Мито бе. Гаси цигарата.

Коџак: Кога малку ќе размислам, и во генерација бев прв. Али го погодив и јас факултетот.

Ката: Што завршивте?

Коџак: Без сомнение, најпрактичниот факултет во нашево општество, а богами како тргнало, и во глобални рамки. (Ѝ шепнува.) Книжевност, госпоѓице Ката.

Ката: Чекајте, да ја вклучам камерата.

Ката ја подига и вклучува камерата.

Коџак: Знам, требаше да му ја мислам на времето.

Ката: Уметничка душа?

Коџак: Ум-ет-нос. Ум и нос. Уште „ум" да имав. Ех...

Ката: Но, Коџак, тоа е... извинете, господине Коста...

Коџак: Госпоѓице Ката, мојот прекар е... света работа. Во Англија, тоа е сленг термин за автомобилска излижана гума, во Америка сленг за ќелав белец, а во Боливија тоа е, госпоѓице, термин кој реферира на најквалитетното мултифункционално воено возило кое може да интегрира 70-милиметарски ракетни фрлачи.

Ката: Извинете, јас...

Коџак: Вие госпоѓице... (Се доближува до неа.) сте симпатична и мислам дека... не би било прикладно доколку не ви дозволам да употребувате хомоним кој истовремено реферира на едно така солидно воено возило.

Ката: Ох...

Коџак: Мојата ситуација налага користење на фактот дека ми излеговте во пресрет што решивте да го споделите мојов очај со вашата многубројна публика и сум ви... (Ја фаќа за раце, спуштајќи ја камерата.) бескрајно и, се надевам, надоместливо благодарен.

Ката: Фала за вашата благодарност, но се работи едноставно за извршување професионална должност. Како и да е, супер е што воспоставивме контакт и... (Полека се оттргнува од Коџак.) да знаете, врз основа на вашите информации ќе составам репортажа која и тоа како ќе ја пренесе вашата... твојата ситуација. (Потшепнува.) Се надевам нема да направам проблем дома!?

Коџак: Нема да ми направите, бидете сигурна, госпоѓице.

Ката ги става работите во ранецот и се подготвува да замине.

Ката: (Мавта со прстите низ флертувачка насмевка.) Имај пријатен ден, господине Коџак.

## СЦЕНА 2

Улица. Коџак седи на тротоар пред својата зграда со шише ракија.

Коџак: (На себеси.) Да му се невиди... (Голта од шишето.) Пак сме у ПМС, у ПМ и у С више. Предизборна митинг сатира. Пост мортем мисионери. Пичкоечки мастрафџиски смрдлиња. Каде стигнавме... Откај тргнавме... Откај тргнавме, еј... (На себе.) Откај тргнавме? Откај Карпатите... или откај Индија, или откај Пела... ма светов братски срце ни отворил, бе. Шо е и битно кој откај тргнал. Али ова е уау, политичари, довчерашни плачипички бе, братски срце да ти распоруваат, ја даваат државата за беспари пошо сувата пара за нив е излишна работа, имаат да ринат со лопатите со кои до некни ринеле ораници. (Отпива.) Да им се изнаорам на тоа браздите у мозоците ко пивтија направени, да им се изнаорам така да не може да никне ни мисла ни бутур. (Кон публиката.) Боже мој, избори ќе имало... па и збори. Па ќе збори бе, кога не е способен да се избори за една пристојна плата за секој посветен, трудољубив млад човек. Ја еве, си признавам, неспособен сум да се изборам, затоа не сум по политика. (Замислено, кон публиката.) Али хм... поштен, млад, невработен лузер шо го бркаат од дома...

Ѕвонко се појавува од зад грбот на Коџак, кој не го забележува.

Коџак: Не дека не е ко за старт на политичка кариера. (Бомбастично, држејќи говор кон публиката.) Драги мои,

проблемот на оваа држава не се невработените, проблемот се вработените. Проблемот на ова општество не се лузерите, туку победниците. Проблемот на ова општество не се оние кои живеат со тато и мама, проблемот е во оние кои не живеат со нив...

Ѕвонко: Или останале без нив. (Ја потпевнува Home on the range.)

Коџак: (Го здогледува.) Или останале без живот и мораат да се залажуваат со разни шеми, Венови дијаграми и отсечки дека мора само право. Ни лево ни косо ни два чекора напред.

Ѕвонко: Затоа сега ти имаш проблем.

Коџак: Е имам. Ама имам и ж’та. (Отпива.) Нема поголем проблем од ова. Толку голем проблем е што кога ќе ѝ влезеш... (Го доближува шишето пред очи.) Сите други проблеми изгледаат дупло. А понекогаш заматено, таман да не ги гледаш.

Ѕвонко: Па зашто пиеш?

Коџак: Па... ова ти е лото. Некогаш е дупло, некогаш само заматено. Ако се трефне заматеното, тргаш очи и сѐ се враќа у нормала.

Ѕвонко: Ти треба нормала?

Коџак: Ми треба сон. Да не се разбудам во ова глувило на потрошени фантазмагории. Ми требаат хартии од вредност.

Ѕвонко: Нели тоа создаваш? Пишуваш, не црташ отсечки на тоа хартиите.

Коџак: Откај па ти знаеш!?

Ѕвонко: Познат си. Те читаат на социјални мрежи.

Коџак: Мене?

Ѕвонко: Јас те читам.

Коџак: Знаеш да читаш? Јас заборавив. Кај и да е ќе заборавам и да пишувам. А да не ме пратиш? Имам фобии од луѓе кои пратат сѐ. Информатори.

Ѕвонко со ракав го полира својот златен часовник.

Ѕвонко: Моето име е Ѕвонко.

Коџак: (Го прекинува.) Друг пат ѕвони пред да се појавиш. Омен нон ест... јо мен. (Отпива.)

Ѕвонко: Јас сум бизнисмен. Можеби би можел да ти помогнам околу хартиите од вредност.

Коџак: Со Господ напред, со свети Илија у средина пошто редот на тие што сакаат да ми помогнат е бабачко. Слушам.

Ѕвонко: Гледај...

Коџак: И гледам.

Ѕвонко: И да слушаш и да гледаш и да мирисаш бидејќи и за мирисање е работава.

Коџак: Све само јадење да немало.

Ѕвонко: Те видов на ТВ. Ко да беше во поелегантно издание. Нејсе, имам предлог. Бидејќи си писател... и бидејќи

сакаш да ја трансформираш обичната и празна хартија во хартија од вредност... јас би додал, хартија од вредност која е секако повистинска и потрајна од која и да било друга, дали би сакал за миг да создадеш нешто што би го крунисало твојот творечки пат, а во исто време би подало рака на мноштво мали изгубени души во потрага по субјективното, а универзално јаство...

Коџак: (Го прекинува, чекорејќи нестабилно.) Во нашава универзално, а субјективно изгубена материјално-цивилизациска бездна? Сакаш да ти напишам нешто? Но проблемо. Но, имам услов. (Пауза.) Место хартии од вредност, можеш да ми дадеш... дом.

Ѕвонко: (Потпевнува.) Oh, give me a home where the buffalo roam, where the deer and the antelope play… Океј, ју гив ми диар, антилоуп ен бафало лајк тринити ен ај гив ју хоум рајт бек.

Коџак, исправувајќи се, прави сериозна гримаса.

Ѕвонко: Оуммм за хоуммм. Ќе напишеш нешто оуммм. Знаеш, медитативно.

Коџак: А?

Ѕвонко: Нешто со мантри, тантри. Види, знаеш, книжевник си.

Коџак: Мантри, тантри?

Ѕвонко: Коџак, животот е приказна. Уметноста на пишувањето е огледало на животот. Ти пишуваш приказни, така? Значи си нешто како мајстор за огледала.

Коџак: Со таа разлика што моите огледала може да бидат црвени и жолти, како знамето.

Ѕвонко: А еколошки зелени?

Коџак: Ако бидат искривени. Како кога светот ќе почне да ти станува искривен ако влезеш премногу во зеленото или тоа во тебе.

Ѕвонко: А розеви?

Коџак: Тогаш ќе мора да бидат искршени. И тоа на мали парчиња веројатно во облик на пилули, ради балансите во вселената.

Ѕвонко: Пилули?

Коџак: Тешко е огледала да се искршат во форма на фламинга.

Ѕвонко: Но можат да се адаптираат во розеви очила. А можат ли да бидат златни?

Коџак: (Фрлајќи поглед во часовникот на Ѕвонко.) Треба инспирација за тоа. Можда ти ја имаш повеќе.

Ѕвонко: Дете, треба да напишеш сериозна инспиратив-на, медитативна приказна.

Коџак: Тогаш ќе мора тоа да биде мојата.

Ѕвонко: Добро де, твојата. Ќе напишеш нешто како свое видување, своја перцепција на... на среќата. Знаеш, актуелна тема која секогаш буди внимание.

Коџак: Среќата во животот? Во љубовта? Парите? Сите работи кои ги немам?

Ѕвонко: Па има и други автори кои пишуваат за тоа. И откако напишале успешна книга, успеале да ги добијат.

Коцак: Постојат астролози за тоа, да ти кажат како да живееш во согласност со космичките тенденции и да ги ползуваш балансите во вселената. Или селф хелп автори кои... (Размислува.) Кои едноставно знаат што сакаат да кажат, за доброто на сите, за општо добро.

Ѕвонко: И тоа ги исполнува, зарем не?

Коцак: Се разбира дека ги исполнува нив и нивните џебови.

Ѕвонко: Е гледаш, работи Законот за привлечност. Со овој муабет само ја потврди централната и универзална теза на која се потпираат. Ако знаеш што сакаш и тоа му го речеш на Универзумот, Универзумот сам ќе се... како беше... сам ќе ти заговори да средиш шо и кај треба. Со правите луѓе во право време. Ама треба да му го речеш јасно, гласно и...

Коцак: И страсно?

Ѕвонко: Понекогаш опасно. Се надевам стана појасно.

Коцак: Се надевам дека на оној што ни ги пишувал репликите да се откаже од поезија не му е прекасно. Кажано од лично искуство, нема фајде. А кога сум кај фајдето, мислам дека те капирам. Тебе целта ти е...

Ѕвонко: Едноставно да му помогнам на светот да се спознае себеси. А потоа, сѐ што треба да се случи - ќе се случи.

Коцак: Чекај, на цел свет?

Ѕвонко: На оној што ќе ја купи и чита книгата што ќе ја напишеш ти, а под чиј наслов ќе стои моето име. Да, тоа е твојата единствена обврска која произлегува од нашиов мал договор.

Коџак размислува.

Коџак: Мислиш јас ќе бидам нешто како ghostwriter?

Ѕвонко: (Кимајќи потврдно.) Знаеш, јас сум автор на поголем број книги. Три излегоа годинава. Ако ја довршиш до крајот на годината, оваа би ми била четврта.

Коџак: И како ти поминаа?

Ѕвонко: Книгите? Луѓето се задоволни. Ми пишаа на официјалниот вебсајт. Да ти покажам. Дојди.

Ѕвонко го вади мобилниот телефон и скрола надолу со прст.

Ѕвонко: Гледаш пример оваа што ми пишала? „Се случува среќата да е случајност, и тоа токму во вистинските мигови, а мојата најголема среќа е што слушнав за Вашите книги непосредно пред да го испијам најголемиот коктел во мојот живот, коктел од антидепресиви и антипсихотици кој ќе ми дадеше мирен и долговечен, навистина долговечен сон од кој без вас тешко дека ќе се разбудев. Му благодарам на Омниверзумот што Ве даде. Фала му и што го зеде каркаванот што го имав за сопруг. Да не грешам душа, но оттогаш нештата почнаа да си доаѓаат на своето. Се надевам некогаш ќе пиеме кафе или можеби, комбинација од џин тоник и курвоазје. Од поново време, а до некаде и со Ваша помош научив да обожувам *несекојдневни комбинации*.“ А вака не изгледа лошо, не мислиш? (Скрола.) Или овој... или тој под него... (Го спушта мобилниот.) Ко што ти реков, дај ми диар, антилоуп и бафало и со нив спонтаноста на тоа да се биде овде и сега, како што сме ти и јас овде и сега, и имаме најсекојдневна, а најмоќна комбинација за среќа во Омниверзумот.

Коџак: Имаш.

Ѕвонко: Тоа само во очи на луѓето кои живеат во тој Омниверзум. Во легалистичка смисла. Мора да се фрли некоја трошка и за оние кои ни прават добро кога сме во неволји. Тоа се нашите вистински пријатели.

(Пауза.)

Ѕвонко: Ми треба нешто малку поинакво, знаеш? Верувам дека ќе ја скоцкаш подобро од која било моја книга. И не само затоа што си книжевник.

Коцак: Точно, ние книжевниците обично ги скоцкуваме книгите или парите од нив.

Ѕвонко: Една мини-молба. Не претерувај со јазикот... Луѓето сакаат да им пренесеш порака која ќе им ги смени животите. Ќе им донесе благосостојба.

Коцак: (Отпивајќи.) Ќе биде напишана на разбирлив и едноставен јазик. Ама како да им ја објаснам среќата на луѓето кога самиот ја немам? Немам знаење, немам искуство...

На Ѕвонко му стига порака на телефонот.

Ѕвонко: (Читајќи.) Кој рече дека е пресудно ако имаш искуство? Па ќе научиш. Ќе ги одживееш и проживееш и среќата и несреќата. (Пишува порака.) Извини само момент, работиме на една од книгите кои треба да излезат деновиве... односно работам... уште секунда... готово. (Го спушта телефонот.) Оди во планина момче младо, нурни во Врело, фрли се со падобран. Духот е побогат во можностите од сé што на материјата би можело да ѝсе накалеми. Туку драго ми е што се нафаќаш, но ќе мора да одам. Ако ја видиш симпатичната репортерка, намигни ѝод бате Ѕвоне.

Коцак: Важи.

Ѕвонко: Пренеси ѝда се јави ако некогаш ѝсветне идеја за ново работно место. А сега ти оставам простор да ги осмислиш следните чекори од нашиот проект. Утре добиваш клучеви од апартман. (Заминувајќи.) И не пиј толку, барем не во оваа фаза побогу. Адиос.

Ѕвонко ја напушта сцената. Коцак отпива од ракијата.

**СЦЕНА 3**

Новиот апартман на Коцак. Коцак бдее над нотесот.

Коцак: (Кон публиката.) Како се почнува ваква книга? Со кои зборови да му се невиди... зошто мора зборови? Па да, бизнисменот рече да е медитативна. Ќе им оставиме празна страничка со точка у средина. Па ќе се фокусираат во точката и ќе дишат длабоко 20 секунди пред да преминат на читање. Така умот ќе им биде спокоен дур читаат, а книгава потсвесно ќе им се врзе со чувство на спокојство и медитативност. Ко Хиндуси. (Го зема нотесот, црта точка, свртува лист.) Смислата на животот е во доживувањето на среќата, и тоа во квалитативна и квантитативна смисла. Хммм... (Го тргнува нотесот.) Да се биде долгорочно среќен значи... да се нема работа со лузери во животот кои ќе те направат и самиот лузер. Или обратно беше? Не... да баталиме лузерство. Да се биде среќен значи животот да се мине во раскош, а раскошот е постигнат единствено од оној чија дисциплина и храброст го следат како сенки при секој чекор. Убавината на раскошот е распослана насекаде околу нас: планините, морињата, езерата, реките, небесата... Од пролетните цутови кои ги шараат низините до зимските снегови, од дното на океанот до облаците кои ни ги доловуваат хоризонтите на нашите погледи... Од росните капки надвиснати над закривените тревни површини до моќните водни струежи низ големите реки на Земјата, изобилието е насекаде. За вистински да го доживееш изобилието надвор, неопходи да го поседуваш. Да бидеш со него каде и да си. Да дејствуваш со него, во него, низ него.

Му ѕвони мобилниот на масата. Двоумејќи се гледа ту кон него ту кон публиката и најпосле се јавува.

Коцак: Да? Одлично. Вие? Не се сомн... како? (Издишува.) Ах... и што рече? Како кој што рекол, докторот? Епа така ти се враќа кога си тапоглава штеточина. Универзумот е како огледало на нашите мисли и ни враќа за секоја наша убавина или глупост уште пред да ја направиме. Ги привлекуваме нештата кои ги носиме во нас. Добро, добро. Фала што ме извести. (Го спушта мобилниот.) Универзумот е огледало на изобилието на нашите внатрешни светови. Дејствувањето со нашите мисли е дејствување во утробата на космичкото битие од кое сме сите дел и затоа ова огледало инстантно знае сѐ што се случува во нив и со нив. Нашата овоземска задача не е друго освен да ги обликуваме внатрешните светови на начин на кој и огледалата би ги прикажувале истите изобилија од надворешниот, макрокосмички свет во кој уживаме и егзистираме. Станувајќи мајстори на нашите мисли и ум следејќи ја сопствената самодисциплина, ние впрочем стануваме мајстори за овие огледала. Мајстори за огледала. (Го потспушта погледот.) Мајстори за убави огледала. Убави како пичке материне... и како муке татине. Ах маки таткови.

Во просторијата влегува Ката.

Ката: Нешто се случува?

Коцак: Не бе, све си е по старо кај нас.

Ката: Лажеш. Спомна некакви *маки шаткови*. Добар е стариот?

Коцак: Фала што ја прифати поканата да ми дојдеш, новинарке со шармантни очи.

Ката: Во моментов сум сѐ освен новинарка. Прашањето е повеќе од општочовечки карактер, а помалку и од персонален.

Коџак: Не знам, ќе биде боље. Му требаат моите сознанија. Да ме читал навремено, сѐ ќе беше ок.

Ката: Да те читал?

Коџак: Ќе биде добро. Те молам не ми ја дифузирај енергијата. Ми треба позитива. Мајстор сум за огледала. Каква енергија - таква рефлексија. Ај бар да ја напишам книгава.

Ката: Пишуваш книга? Што тема?

Коџак: Во контекст на бајпасирање на комплексноста што ја изискува вербалната експликација, предлагам да ти ја објаснам телепатски.

Ката приоѓа. Коџак ја залапува.

Коџак: Сфаќаш?

Ката: Да, ама не си ми баш јасен во делот со...

Коџак: Епа читај внимателно. А некогаш треба и да се препрочитува за да се сфати.

Се залапуваат повторно.

Ката: Пишуваш порно? Љубовен роман? Водич за бакнување?

На Коџак му заѕвонува мобилниот.

Коџак: (Кон Ката.) Ѕуница, секретарката на Ѕвонко. Бизнисменот. (На телефон.) Не, не бев во Врело. За падобран неам кинта, али пренеси му ти на Ѕоне дека почнав со пишување. Сѐ е... у реду. Фала на питање, арен. Ти арна? Види, гарант прислушкуваат али да те прашам, ако смеам, а особено ако не смеам - ти си... како да срочам тоа, авторката позади

неговото име? Како како? (Зема книга од шкафот и ја листа лежерно.) Па дали ти ги напиша неговите книги? Така фино, да собереш неколку авангардни психолошки теории и да ги склопиш. У книга де. Аха. Не бре, тоа си е ваше. Добро, фала ти. Имај и ти. Поздрави го и дотичниот. (Го спушта телефонот.)

Ката: Да погодам, у школо не ти идеше математика.

Коџак: Не ми идеше.

Ката: Али аритметика научи многу рано. Пред да тргнеш у школо.

Коџак: Па... да.

Ката: И боље ти идеше собирање отколку одземање.

Коџак: (Со зачуден поглед.) Може да се каже.

Ката: И до ден-денес повеќе сакаш собирање од одземање.

Коџак: (Листајќи ја книгата.) Точно, те собрав тебе.

Ката: Ама собираш ти и некакви авангардни теории во своите книги, а?

Коџак: Јас? Ме причеша за авангарда и за теории. Муабетот беше за неговите книги.

Ката: Знам што беше муабетот. Али *лоши комбинации* правиш со теориите и целите.

Ѕвони ѕвончето.

Ката: Некој ѕвони.

Коџак врти нов лист од книгата.

Ката: Слушаш? Некој ѕвони.

Коџак: А, да. Види кој е. Ако е Лазар или Гого, не сум тука. Им дужам нешо ситно, а тие скапаници ѓоа немале од шо леб да купат. Ех ама се нервирам...

Ката го погледнува попреку, оди до вратата и ја отвора. Се појавува Пепси. Парталаво облечен, проси. Има раста фризура. Стои нестабилно.

Пепси: (Со нефокусиран поглед.) Ќе ве молам... ќе те молам брат... дали би сакал да ми позајмиш... некое лепче за денарче, ова... денарче за лепче... имав некои здравствени проблеми и кинта и пол отиде за скапи апови. Све шо имав.

Коџак ја спушта книгата, станува и се свртува кон Пепси. Ката се тргнува.

Коџак: Молам?

Пепси: Ако имате или имаш... ја не би настојувал.

Коџак станува.

Коџак: Чоек, знаеш колку е саат?

Пепси: Колку е?

Коџак: (Ги подига рацете и гледа во голите зглобови.) Па тебе те прашав, откај да знам. Неам саат.

Ката: Петнаесет за пет.

Коџак ѝ фрла прекорувачки поглед. Го подига мобилниот.

Коџак: Телефонов ми е од пред 7 години. Втор по ред. Првиот ми беше позајмица од тато. Од големите, службените шо личат на воки-токи со антени. (Покажува со показалец кон екранот.) Го глеаш ова?

Пепси: Шо тоа? А, пукнатина.

Коџак: Кратер, не пукнатина. И тоа е, **брат**, причината заради која сум слеп за времето. Зошто не можам да видам колку е саат. Али за разлика од тој шо рекол дека *срекните луѓе не глеаат во часовник*, ја...

Пепси: Па земи си нов, мајсторе. Сега се бар евтини. Викаат Кинезите и новата пластика ја правеле од рециклирана пластика. Бате, ќе ти ги вратам парите. Ти да не си дефетист?

Коџак: Сум, и?

Пепси: Тоа е боље за мене. У тој случај, штом не ги очекуваш би можел и да не ти ги вратам. Али пошо си поштен...

Коџак: (Го прекинува.) А ти да немаш проблем со помнење?

Пепси: Немам.

Коџак: Сум читал дека зајмување пари чат-пат било штетно за долгорочно помнење.

Пепси: Сум читал и јас, али тоа било наводно само за оние кои и онака имале лоша меморија. Наводно, уште толку им се влошувала.

Коџак: Од различни книги ќе да сме читале. А да си побараш евтин леб у пекарана од карши? И тие се евтини, а ти бар знаеш кои работи се евтини, а кои скапи.

Пепси: (Се свртува да си замине.) Скапи беа моите апови, другар. Ама добро, сполај ти.

Пепси заминува. Коџак е со подвижен, колеблив поглед. Пауза. Се погледнуваат со Ката.

Ката: Коџак?

Коџак: Секунда.

Коџак оди до кујна, зема леб и паштета, си ги проверува џебовите. Тргнува кон вратата, но Ката го сопира.

Ката: Уште една *лоша комбинација*. Леб и паштета. (Оди во кујна и зема сос.) Носи му на човекот барбекју сос, да вкуси живот. (Му го подава сосот.) Почекај. (Вади и му подава пари.) Ова е од мене.

Коџак: Супер. Ќе помислев да не е од програмата за борба со сиромаштија на UNDP. Или од некој транзициски медиумски тајкун.

Ката: (Накривено.) И друг пат пази како се понашаш со лица кои зависат од туѓо милосрдие. Можат да се сменат коцкичките секој миг.

Коџак: (Излегувајќи.) Господ не си игра со коцкички.

Коџак излегува.

Ката: Не му кажувај на Господ со што да си игра. Сите си играат сешта, зошто само Господ да нема право на игра? На сите им треба занимација. Мојот газда ми вика ова да објавиш, од она немаш потреба и јас го слушам. Ама чат-пат и мене ми треба малце здив и така, си играм. Е сега, он си игра со нашите плати. Ама па некој друг одозгора што не го знаеме си игра со него. Како последна светулка може да го

згаснат и ач - нема више Атрибут, нема више ни апозиција, а богами ни опозиција. А со тоа ни позиција. А без позиција си како без компас, како без часовник за просторна ориентација.

Коџак влегува. Го зема нотесот.

Ката: Што бидна?

Коџак: Ми се обрати со „мајсторе“. Му викам, откај знаеш? Вика - *сè е фреквенција*.

Ката: Богати?

Коџак: Ни богати ни сиромави, колку сме - токму сме. Туку ај да терам со книгана, ме чека ѓавол и пол работа.

Ката: И шо книга е, нема да кажеш?

Коџак: Филозофска.

Ката: Уф уф. Тоа е тешко. Ај да те оставам.

Коџак: Да, бара мислење тоа.

Ката: Филозофија, филозофија... ако нешто е јако на барање - тоа е филозофија. Гарант и Господ е филозоф.

Коџак: (Фрлајќи ѝзачуден поглед.) Е откај сеа и филозоф?

Ката: Па Господ мора да е најголем филозоф. Али вие шо мислите дека вие сте, го сфаќате пресериозно. А он само се зеза.

Коџак: Ајде бе?! Си игра со коцкички? Да не му е досадно од хаосот шо го направил?

Ката: Не знам за хаосот, ама да ти кажам, од вас мудреците тешко на кој да не почне да му се гледа и ролеркостер ко тепсија. Све ви е рамно кајшо чекорите со глава у небо, све мудрец до мудрец. а дури вие мудрите мудрувате - глупите се изнамлатија од овоземни задоволства.

Коцак го спушта нотесот и оди до Ката.

Коцак: Като, дете - злато. Остани ми... (Ја бацува.) ведра и екс катедра.

Ката: Добро Коцак, не сум Федра. Ко што ни ти не си Хиполит. Ајде... (Го гушнува.)

Ката ја напушта сцената. Коцак гледа замислено во публиката, па го подига погледот. Продолжува да пишува во нотесот некое време. Си дотура коњак во чашата.

## СЦЕНА 4

Коцак престанува со пишувањето во нотесот. Го отвора лаптопот и гледајќи во нотесот, типка по тастатурата. Пие коњак. По кратко, прекинува и станува. Поткашлува и ја спушта чашата.

Коцак: (Се движи низ сцената.) Ебати сонцето угреано, една болест - сонце да не видиш. Од сиромаштија до шија и жирафите се исплашија. Шо среќа ќе имаше бе стари, шо несреќа ќе имав... Да им се мочам на тие избори на кои треба да бираш не дали, туку колку да останеш свој во свет кој сè што повта е да ти интервенира интра и супрагенетски, да те претопи во сопствената ебена апатија. А ти демек, пророк... Ти, баш ти, ситен партал што нема кај да се зашие, ќе му ги отвориш на истиот тој свет свет очите... ко шо ѝсе отворени полиците за книги, на радничка класа со гласачко ливче ко штаб отворен за добронамерници, ќе ѝпомогнеш да прогледа... а

пошто не си книга, а не си ни телевизор, ќе те трепне и ќе те трефне кајшто најмногу боли... Свет што нејќе уметници нејќе ни да прогледа. А јас сум пред крај и со вид и со нерви.

На сцената доаѓа Ѕвонко. Јаде јаболко. Поткашлува. Коцак бавно ги придвижува очите кон дојдениот.

Ѕвонко: Како си писац, како инспирацијата? Си ја средил гајбава. А и си напреднал бајаги. До кај си? Кога ќе ја правиш рекламата? (Му паѓа јаболкото.) Упс... лош знак. (Го подигнува јаболкото.) Ќе мора в ѓубре сега. Јаболко и симболика за еднократна употреба. (Оди до кантата за ѓубре и го фрла.) До кај си стварно?

Коцак: Приврштувам. На рекламата почнувам да работам уште денес.

Ѕвонко: Да? Па ти си екстра, тоа ми треба!

Коцак: Озбилно?

Ѕвонко: Скроз озбилно, дете. И тоа што ми го прати пред некој ден... ревидираната верзија... многу подобро! Верувај, имаш постепен, но реален прогрес.

Коцак: Фала.

Ѕвонко: Ти треба дополнително префинување околу пар нешта, али искуство! Искуството е татко на знаењето, а знаењето е не само моќ, знаењето е пат до...

Коцак: (Го прекинува.) Среќата? Или можеби парите?

Ѕвонко: А зошто не и обете?! До кај си попрецизно да ми кажеш?

Коџак: Најпрецизно, пред самиот крај. Уште последното поглавје.

Ѕвонко: Уште само тоа? Ти си гение! Значи ние можеме рекламата да ја правиме уште после? Ајде, брзо прочитај ми нешто од поновото! (Погледнува во часовникот.) Од последното тоест од претпоследното поглавје. Некое парталче, што се вика.

Коџак го погледнува зачудено.

Коџак: Инаку, не ви реков... татко ми е многу болен. Срцева болест, коронарна.

Ѕвонко: А, да! Срцева болест. Имаше и татко ми, да му е благословена душата во Рајот. Што да правиш - судбина.

Коџак: Да, тој имаше и шеќер.

Ѕвонко: Судбината не е ама ич ни шеќерна за тие луѓе. Попрвин би била јачменова. Знам по вујна ми.

Коџак: Требаше уште од поодамна да го оперираат, али пуста сиромаштија, чекавме да му се наталожат масни плакови, да развие атеросклероза, па да прерасне у ова.

Ѕвонко: Синко, некои нешта навистина не зависат од нас и... мора да се помириме. Го запиша тоа?

Коџак упатува мимика на запрепастеност кон публиката.

Коџак: Каде?

Ѕвонко: Во книгата, каде. Она што ти го зборев за помирувањето и оној пат.

Коџак: Да, го запишав... туку позајмиците што ги добив не се доволни и ќе ми требаат дополнителни средства. А пензиите се стварно ниски денес.

Ѕвонко: Ајде, јас знам дека си трудољубив и дека можеш да успееш. Само уште ти да го знаеш тоа и да ја фрлиш поглед одозгора врз позитивната страна, да сфатиш дека Космосот воопшто не го прави сето ова случајно. Секое искушение за мудрост. Секоја тага - за радост! Го запиша и тоа, така?

Коџак: (Фрлајќи поглед кон публиката.) Да.

Ѕвонко: Ај да видам што друго си напишал?

Коџак го зема нотесот, поткашлува и почнува да чита. Ѕвонко замислено гледа настрана.

Коџак: (Чита.) Човековата природа ниту била, ниту може да се толкува поинаку освен како прашање на избор. (Ја спушта книгата. Кон публиката.) Ние сме збир од нашите избори од минатото, а можностите за нашите избори од минатото се само делумно детерминирани од изборите направени претходно... (Со подигнат образ, кон публиката.) Изборите и одлуките ги носиме своеволно, без ничиј притисок, како тоа во даден миг и да се чини. Надворешните влијанија се недвосмислено непостоечки. Апатијата е уште една од халуцинациите произлезни од недостигот на елан и слободна волја. Наспроти неа, среќата и радоста се круни на сопствените одлуки. (Го врти грбот на публиката.) Она што треба да го прифатите не е ниту апатијата, ниту омразата кон успешните и богатите, капиталистите, туку едноставно - тенденцијата умствениот склоп да ви стане како нивниот. За да стане можеби и подобар од нивниот. Велат дека вистински силен човек не е оној кој постојано се обидува да владее, туку оној кој може да си дозволи тоа да му е ирелевантно. Оној кој го задржува своето вистинско јас без разлика кој владее е единствениот вистински владетел. (Повторно кон публиката.) А за тоа е неопходна борба. Најсилната борба е онаа со себеси, но за да таа се води и извојува, потребно е да се создадат елементарни услови. Надворешни услови, различни за секого. Создавањето на тие услови е повторно борба. (Го тргнува погле-

дот од публиката.) Разликата меѓу обичните и успешните, богатите, е што вторите токму во таа борба ги наоѓаат сопствената среќа и задоволство. (Ја подига книгата, како да чита. Кон Ѕвонко, кој е свртен со грбот.) Да чувствуваш задоволство во ваквата борба подразбира да си минал четири петтини на патот до сопствената среќа и просперитет...

Ѕвонко: (Се свртува и го прекинува.) Стоп. Малце ми е ова, како да кажам, пресубјективно. Како да си импровизирал. Ко говор да држиш. Дај убаци нешто поопипливо. Башка што е тоа со богатите и славни? Не се сите такви.

Коџак: Ако сакаш да се вдахнови дух во кажаното, нели би било пожелно макар малку да се генерализира?

Ѕвонко: (Замислено.) Ако сака-ме!

Коџак: Ако сакаме.

Ѕвонко: Да, ама треба и да се биде прецизен. Еве, кога си кај богатите и успешни - што фали да убациш дека - од нашите мисли произлегува светот во кој ќе живееме. Ако се тоа мисли кои претполагаат богатство и успех автоматски зачекоруваме по патот кој води до нив. Притоа, трошењето енергија на други луѓе и за други луѓе може свесно да резултира со исчекорување надвор од тој наш прекрасен, рамен пат. Напротив, со успешните и богатите, како што ги нарекуваш, е повеќе од пожелно да се изгради еден продуктивен однос кој би можел и на другите да им отвори перспективи.

Коџак: (Кон публиката.) Куровит е патот до парите и славата.

Ѕвонко: Молам?

Коџак: Ништо, велам - мисловит е патот до славата и парите.

Ѕвонко: Е, така. Мисловит! Ете, помисли и сфати. Ма ти си мојот гение! Ајде, ме чека желудник за полнење, а тебе те чекаат пар детали шо ќе ги средиш за 15 минути, знам јас!

Коџак: Договорено.

Ѕвонко: Така дечко. Се враќам за рекламата. Имам чувство дека пред тебе се плодотворни и вдахновени... (Гледа на часовникот.) 14 минути и 53 секунди.

Ѕвонко го штипнува и шлапнува Коџак за образ и излегува од станот. На излегување, ја отвора вратата и откај неа паѓа плико, по што ја напушта сцената.

Коџак: Е мој мисловит Ѕоне... да врнеа пари ко што врнат мисли, сите или ќе бевме и богати и славни и итри ко тебе, или немаше да има потреба од тоа. Ах сега да ми наврнеше кеш, да можев на стариот да му покријам бар за партиципација...

Го забележува пликото и замислено го свртува погледот кон публиката, потоа пак кон пликото.

Коџак: Којзнае, можда и сметка за струја во стан кој не е мој, би можела да ме мотивира на успех.

Мошне полека, со спуштен поглед чекори кон пликото. Најпосле стига до него, го подигнува и погледнува внимателно.

Коџак: (Отворајќи го.) Интересно, интересно.

Вади неколку банкноти и ливче. Зјапа ококорено во бакнотите свртен кон публиката. Ги става банкнотите в џеб и го чита ливчето.

Коџак: „Драг Коџак, овие скромни средства се за татко ти. Те молам прими ги и  употреби ги согласно потребите.

Знам што значи да се има родител со нарушено здравје. Срдечен поздрав, Ѕуница.“ (Празен поглед.) Секретарке, мадафакерке.

Влегуваат Ката и камерманот, кој е облечен во сјаен џетсетерски костум.

Ката: (Кон камерманот.) Позиционирај ја тука. Е, баш тука. Супер. Здраво Коџак.

Камерманот несмасно се вртка и најпосле го позиционира сталакот за камерата свртувајќи го грбот кон публиката. Коџак зачудено го зјапа.

Коџак: Здраво.

Ката: Како си?

Коџак: (Воздивнува.) Рајот изгледа ќе почека.

Ката: Рајот е пред тебе, сине неверен. Оди и зграпчи го.

Коџак оди до Ката, ја зграпчува и сензуално ја каса со забите по врат.

Ката: Фала на комплимент. Но во секој случај, треба да снимаме.

Коџак: (Се воозбилува.) Да, треба да снимаме. Да почнеме.

Ката: (Кон камерманот.) Дали сме спремни за почеток?

Камерманот: Што се однесуе до мене, спремни сме и да завршиме.

Ката: Како тоа?

Камерманот: Почетокот на едни работи е крај на други. Може кога мајсторот ќе каже дека може.

Коцак покажува палец нагоре.

Камерманот: Припрема, позор, акција!

Коцак: Дали некогаш сте се помислиле дека контролата над вашиот живот не зависи само од вас? Се случува ли да го давате својот максимум во завршувањето на работните, семејните и сите други обврски, а среќата постојано да се одложува? Владеете ли вие со умот или тој со вас? Зарем не е моментната ситуација резултат на некаков избор, поточно избори од минатото кои донеле штетни навики и адикции во сегашноста? Жалите? Но зошто? Минатото е неповратно, а нервозите врзани за иднината се повторно само тоа - нервози кои ѝ штетат на вашата емоционална стабилност, а со тоа и материјален успех. Парите се можеби отепувачка, но научно е докажано дека поголема отепувачка од нив е - да ги немаш. Затоа, за минимални пари в раце можете да ја имате книгата „Мајстори за огледала“ од Ѕвонко Пампур и да се ослободите од назадните зависности и да создадете нови, богати и продуктивни теченија на вашите мисли кои ќе ви го благословат патот кон просперитетот. Волјата и контролата ја имаме самите. Изберете го огледалото кое ја проектира уникатната визија за себе и станете мајстори за своите огледала. Изберете иднина. Станете мајстори на својата иднина. (Издишува.)

Камерманот: Екстра!

Ката: Стално сум се прашувала зошто патот до просперитетот некој би го откривал во книга? Не е ли тоа во полза на сопствената конкуренција?

Коцак: Ете ги твоите лоши комбинации. Прашања и очекувања. Знаеш дека и постојаното прашување е адиктивно?

Ката: Навистина?

Коџак: Да.

Ката: Мислиш као дрога?

Коџак: Оу јеа.

Ката: Имаш докази?

Коџак: Имам заокружени идеи.

Ката: Идеите ти се вртат во круг?

Коџак: Не ги допирај моите кругови. Мора да работам.

Ката: Океј мистер конзистентно перзистентен, оставен си во центарот на универзумскиот круг. Само пази да не ти стане адикција. Ќе те проголта црната дупка на самозаокруженоста.

Коџак ја зјапа. Ката и камерманот тргнуваат да ја напуштат сцената.

Коџак: Прати ми го видеото...

Камерманот во заминување со глупава насмевка му ги покажува палците нагоре, првин едниот па другиот. Тој и Ката ја напуштаат сцената.

Коџак: ...да имам време графички да ја средам... рекламата.

Коџак воздивнува и седнува на масата. Штрака на тастатурата и маусот. По кратко, влегува Ѕонко, извалкан, со чаша ракија. Поднапиен е. Коџак се насмевнува и продолжува да работи.

Ѕвонко: Кај си бе Коџак, те немам видено четврт час.

Коџак: Еве, плодотворно и вдахновено.

Ѕвонко: Ма знам - ти си **гение**. И викам на келнерката дека ја само со шампиони си имам работа, она не ми верува. Ај шо не ми верува, коа ми го бапна... тој помфритот сосе кечап у фаца. Ту!

Коџак: Чекај, те фати за 15 минути бе шефе?

Ѕвонко: Е ај тебе да те видам без мезе пет ракии за колку ќе те фатат. Пардон. (Ја испива ракијата на екс.) Шест. Знаеш ли зошто е шест ѓаволски број? Затоа што седум, божјиот број, е заокружен. Седум дена, седум столба на мудроста, седум смртни гревови, нула нула седум...

Коџак: Seven up.

Ѕвонко: А Сатаната бил шестка пошо чоекот бил незаокружен, недефиниран, несовршен и затоа, љумоборен! Љубоморен на успехот на Семоќниот! Како што Сатурн, шестата планета е љубоморна на Јупитер!

Коџак: Јупитер е петта планета.

Ѕвонко: Добро де, петка за неа.

Коџак: А затоа сабота е на англески **Satur**day?

Ѕвонко доаѓа до Коџак и го фаќа за рамо.

Ѕвонко: Сине, денес е ден на ѓаволот. Сабота е увек ѓаволски ден, а богами и ноќ. Али... али...

Ѕвонко ја напушта сцената и миг потоа се враќа со шише ракија.

Ѕвонко: Ипак, мора да се прослави мајку му! Видиш, ја сум ти роден у сабота. А сите најјаки журки... (Отпива од шишето.)

На Ѕвонко му ѕвони телефонот.

Ѕвонко: Само секунда. (Подига.) Извини Коле, друг пат ќе праиме муабет за тој бизнис. Денес е денот на ѓаволот. А знаеш дека ѓаволот ни ора ни копа. Е така. Фала на разбирање. Чао. (Спушта.) Бизнис партнер.

Коцак: (Станува.) Нели ќе ја праевме рекламата?

Ѕвонко: Сине, работата и славјето се као ракијава и чашава. (Си тура ракија.) Работата те празни, а ракијата... те допразнува уште толку, колку да осетиш дека не си скроз празен. Па не се вика за џабе празнување. Земи си чаша.

Коцак: Коа ти викаш... (Зема чаша.)

Ѕвонко му тура ракија.

Коцак: Ни скроз полна, ни скроз празна...

Наздравуваат.

Ѕвонко: Да ни се множат не книги - **бомби** од хартии од вредност, бомби од жени, десетки не седмици...

Коцак: И бомби од реклами.

Ѕвонко: И све да експлодира и све да сјае, да е журка и весеље. До кај си со дизајнот за рекламата?

Коцак: Расчачкав ептен малце...

Ѕвонко: Да видам.

Двајцата седнуваат пред лаптопот. Коџак покажува на екранот.

Коџак: Еве ова ќе дојде тука, па кога ќе го добијам видеото... А еве! Самошо ми го пратиле. Да го симнам и ќе го убацам.

Ѕвонко: Остај видеото. Гледај целата реклама да биде проследена уз некои... (Отпива.) јаки, вивидни бои... што појак впечаток, толку помал издаток.

Коџак: Мислам дека ти поише од мене знаеш за тоа, имаш куп книги...

Ѕвонко: Абе знам јас за знаење, само... ова е мал тест да видам ти колку знаеш...

Коџак: Аха. Ондак... (Ја отпива нагло ракијата.) треба да се размисли... да, **ќе требаат** јаки бои кои привлакаат пажња.

Ѕвонко: (Станува.) Ај ќе те оставам да размислиш... среди ги контрастите, стави некое ефектче... и некоја чилче музика. И слоган. Нешто као: *И реалносӣа е навика.*

Коџак: Ќе средам све. Моеш да бидеш у спокој.

Ѕвонко: Добро... (Ја спушта чашата.) Пошто имам доверба во тебе како во син, за кратко ќе ти пратам некој денар на електронската сметка да ја пратиш рекламата по медиуми. Јасно?

Коџак потврдно кима. Ѕв

Ѕвонко: Чекам резултати.

Ѕвонко со нестабилен чекор ја напушта сцената. Коџак, веќе потфатен, го зема шишето ракија и си тура. Продолжува да работи на рекламата.

Коцак: Викаш гение, а? Гение... (Отпива.) Јаки бои, вивидни... живи бои... viva la vida… живот, доминација над мртвото, отфрлање на стари адикции и метаморфоза на битието со нови, практични, **реални** навики... затоа што... (Отпива.) Затоа што што... затоа што и реалноста е навика. И ре-ал-носта е на-ви-ка!

Пушта некаква транс музика. Му заѕвонува телефонот. Го подига.

Коцак: Ало! Добро што се јави, дојди да ти дадам нешто. Не, не сум на журка. Во близина си? Генијално. Ајде.

Коцак го спушта мобилниот и продолжува да работи на лаптопот. Ја пушта транс музиката погласно. Влегува татко му. Ја гаси музиката.

Коцак: Чао стари.

Мито: Еј сине, ти требам нешто?

Коцак: Денес бил ден на ѓаволот. А ѓаволот ни ора ни копа... затоа... (Вади бакноти од џеб.) има пари. (Му ги тутнува парите в раце.) Овие се, стари, за партиципација. Земи.

Мито: Откај ти се?

Коцак: Стари, парите ми ги даде една муштерика. Ќе има уште многу, многу, има да врнат. Да експлодираат. Имаме бум книга. Бом-ба.

Мито: Не можам да ги земам. Чувај си ги, ти требаат. Возрасен човек си.

Коцак: Добро, не ги земај. Ја ќе ти ги ставам в џеб. (Му ги става во задниот џеб.) Те молам, без расправии... кажи ѝна Марина да ми остане во добро здравје.

Мито: Сине...

Коцак: Ни збор Мито. Бркај работа. И чекам информации.

Мито: Фала ти синко. Ти си и покрај сето она меѓу нас нашата причина да продолжиме да се бориме. Сполај ти.

Коцак му одмавнува со рака на Мито, кој ја напушта сцената. Се враќа зад лаптопот и продолжува пијано да штрака на тастатурата и маусот. Продолжува транс музиката на најгласно. Се насмевнува и се смее налудничаво. Работи уште некое време и заспива.

## СЦЕНА 5

Коцак спие. Пред него е лаптопот. Влегува Ѕвонко. Се фаќа за глава. Гледа ту во Коцак, ту во публиката.

Ѕвонко: (Кон публиката.) Човече, ми го сјеба проектот. Дете. Боже мој со кого сум нашол да терам бизнис. Ваква дупка и после 20 години кариера не знам како ќе ја закопам. (Луто замижува.) Коцак! Коцак станувај! Ќе ме закопаш ти мене...

Коцак полека се буди. Ѕвонко оди до него.

Ѕвонко: Знаеш ли бе суртук размазен што си направил?

Коцак: (Проѕевнувајќи се.) А?

Ѕвонко: Шо *а* бе, аџамијо? И апансаз и апсаздан ме акна од автопат.

Коцак: Па ад хок арчевме алкохол.

Ѕвонко: Шо бе ад хок! Уклучи интернет да видиш што си направил.

Коџак: (Вклучувајќи го лаптопот.) Ама шефе, јас направив сè по пропис.

Ѕвонко: Од кого бе тој пропис?

Коџак: Од ѓаволот. Негов ден беше.

Ѕвонко му фрла прекорувачки поглед.

Коџак: Мала шала бе Пампур. Мала шала.

Ѕвонко: Мала шала си ти, детуле. А јас голема што ти ја дадов таа одговорност.

Коџак: Еве, вклучено. Што да видам?

Ѕвонко: Пиши - Реклама на нова книга од Ѕвонко Пампур...

Коџак: (Пишува.) Рек-ла-ма... Ѕвон-ко Пам-пур...

Ѕвонко:  За наркоманија.

Коџак: (Пишува.) За нар... (Ја врти главата во нејасност.) А?

Ѕвонко: Атентат... е целиот збор. Ми изврши социо-културен и бизнис атентат!

Коџак: (Пребарува и кликнува.) Де бе Ѕоне... еве. Еј стварно. Шо пишале медиумите!

Ѕвонко: Ја тебе ти дадов задача да составиш циркуларна или циркус порака кога ја праќаше веста за книгата по медиуми?

Коџак: Шефе, ја напишав известување, али нигде не беше спомната наркоманија.

Ѕвонко: Епа гледај што се дешава под видеото што си го објавил.

Коџак: Сум го објавил? (Штрака по тастатурата.)

Ѕвонко се крсти.

Коџак го пушта видеото. Се слуша транс музиката и други звуци. Потоа неговиот говор со истата музика во позадина.

Коџак: Лоша монтажа.

Ѕвонко: Монтажа? Што си направил со тоа боиштата бе Коџак?!

Коџак: Па вивидни бои рече шефе...

Ѕвонко: Не **толку** вивидни бе коџак низаеден! Па гледај бре само џанаци со тапија коментирале одоздола! И ЛСД трип е мачкина кашлица за ова.

Коџак: Откај знаеш?

Ѕвонко: Па и оној дебилен слоган...

Се слуша „И реалноста е навика“ во комбинација со транс музиката.

Ѕвонко: Моите непријатели сакаат да ме распнат како што го распнаа Спасителот. Проштевај Богородице за моите забегани идеи... Им прати пари?

Коџак: Аха.

Ѕвонко: (Почнува да плаче.) Мајкооо.

Коџак: Еј Ѕоне... Ѕонее...

Ѕвонко: Избриши го... да не слушнам ни звукче повеќе од тоа монструозно видео. Избриши.

Коџак: Полека. Диши длабоко. Биди мајстор на своето огледало. Ајде, да не слушнам жалење.

Ѕвонко: Види го, да не слушнел жалење. Тој да не слушнел жалење?!

Коџак: Дојди да ти покажам нешто!

Ѕвонко: Тој да ми покажел нешто?!

На телефонот на Ѕвонко пристига нотификација.

Коџак: Дојди кога ти велам.

Ѕвонко издишува и доаѓа пред екранот.

Коџак: Ај прочитај ми ја, те молам, гледаноста на видеото?

Ѕвонко: Како?

Коџак: Дојди поблиску. Што пишува тука?

Ѕвонко: Што е битно што пишува?

Коџак: Како бе што е битно? Ова нели е тројка тука?

Ѕвонко: Триста седумдесет иљади пишува. И?

Коџак: (Покажува со показалецот.) А што пишува тука под видеото?

Ѕвонко: Објавено пред седум часа.

Коџак: Аха. А тука?

На телефоните на Ѕвонко и Коџак пристига по уште една нотификација. Погледнуваат во телефоните на миг и повторно се фокусираат на екранот.

Ѕвонко: Осум илјади триста и седумдесет коментари.

Коџак: Колку?

Ѕвонко: (Го погледнува нејасно.) Осум илјади триста и седумдесет... и еден... и два коментари.

Коџак: Знаеш ли колку прегледи собрала најпопуларната реклама од оваа земја за седум часа?

Ѕвонко: Колку?

Коџак му шепнува на Ѕвонко.

Ѕвонко: Да а?

На Коџак му стига нотификација. Го подига телефонот, а истото го прави и Ѕвонко.

Коџак: Ми стигнале мејлови.

Ѕвонко: И мене. (Се наместува во полулежечка позиција со нозете потпрени на маса.)

Коџак: Мене за работа. (Си покажува со показалецот кон слепоочница.) Мисли дијафрагма.

Ѕвонко: Мене за понуди за печатење. И интервју, ама немам време тоа.

Двајцата се погледнуваат.

Ѕвонко: Можеш ти да збориш... ако сакаш.

Коцак: Во функција на што?

Ѕвонко: Во функција на... шеф на кампања... засега.

Коцак: (Тапкајќи го по рамо.) Фала... шо ми дозволи да си оставам контакт под видеото.

Ѕвонко: Бре дете... (Му ѕвони телефонот.) Ало? Немам време сега. Во гужва сум. Ќе те барам вчера... овај утре. (Спушта.)

Коцак: (Кликнува на тастатурата.) Четристо и пет илјади! Гледаш? Лош маркетинг е екстра маркетинг.

Ѕвонко: Стара финта мали.

Коцак: Стара кока, добра јуха. Изгледа чудово станува **вирално**.

Ѕвонко: Изгледа глупите луѓе во светот треба да престанат да прават глупи работи и да ја гледаат рекламава.

Коцак: За да станат паметни?

Ѕвонко: Не, за да одржуваат ниво на глупоќа.

Коцак: Иначе книгата има шест поглавја.

Ѕвонко: Ма гледам јас ти си склучил договор со подземјето. А оној главниот што им е ни ора ни копа и затоа е пун ко брод.

Коџак му фрла втренчен поглед, па се враќа на лаптопот.

Коџак: Што коментари ставаат и твоиве фанови... „Драги Звонко, ако је ваша књига о добрим и оригиналним новим мајсторлуком који се може брзо овладати, од мене добијате чишћење ћунака.“ А пази го ова: Кога ќе станам мајстор за огледала ќе си вградам едно во половиот орган за жена ми да не мора да се шминка на други места.

Ѕвонко се смее.

Ѕвонко: Цепки.

Коџак: Да да.

Ѕвонко: Значи ти сврши со пишување?

Коџак кима потврдно.

Ѕвонко: А ја имам ли ја... овај... Ѕуница конечната верзија?

Коџак: Да. Ја пратив непосредно пред да почнам со рекламата.

Ѕвонко: Со забелешките што ти ги кажав, сосе сè.

Коџак: Сосе забелешките.

Ѕвонко: Одлично. Само секунда. (Се јавува.) Ѕуница, пушти ја книгата да се печати. Да, одма. Немаме корица? Стави празна рамка на корицата. Метална или дрвена?

Коџак: Метална.

Ѕвонко: Дрвена. Ама од хартија да е корицата. Е, ме разбра, океј. Да, и напред и назад. Па после ќе направиме да може да се вгради огледало. Можда и мозаик од мали, слатки, убави, филиграски стокмени огледалца... Ради финта ради што. Има ли нешто друго во уметноста освен финтаџиство, добро спакувано... Повели, што сакаш да ми кажеш друго? Хмм... од други земји? (Му се менува целиот лицев израз.) Издавачи? Од кои европски земји? Да ја преведат и објават? Што збориш? Па уште ни тука не искочила мајку му... Чекај да запишам... (Зема лист и пенкало.) Англија, Германија, Данска, Узбекистан, Србија, Австрија... има и други? Машала, ќе ми пратиш све на мејл. Не можам сите да ги запишам сега. Добро. Пуштај ја сместа за печат. Ај.

Коџак: Ако добро разбрав, рекламава си ја заврши својата работа.

Ѕвонко: Па... да. (Вади две бакноти од паричникот и го остава на маса. Се свртува кон излезот.) Почести се за мене. Ме чека итен состанок.

Коџак му испраќа војнички поздрав.

Ѕвонко: Се гледаме.

Ѕвонко ја напушта сцената.

Коџак: И немој да минуваш превише време пред огледала. Сум гледал лоши хорор-филмови со тоа. (Ги прибира банкнотите.) Ѕоне, Ѕоне... (Го вади мобилниот и гледа во екранот.) Три, четири, пет, шест понуди за работа. И зашто сум го оставил мејлот на рекламата на заебанција... животот е заебанција. А, еве. Хамлет? Хамлет... (Го спушта мобилниот со празен поглед кон публиката и пак го подига.) Што пишува тука? (Се обидува да прочита.) Дер ер ногет радент и данмаркс риге[1]. Чекај да видиме што значи... Something is rotten

[1] Der er noget råddent i Danmarks rige.

in the state of Denmark. Некој ме заебава мене тука. Или не? Прашањето е поставено. А Господинов Хамлет ми пратил понуда за пријателство. Чек да видиме...

Се вклучува на компјутерот. Добива видео повик.

Хамлет: Hi!

Коџак: Hello mister Hamlet.

Хамлет: Mister… Kojak Chernopeev?

Коџак: In person and in appearance, Sir.

Хамлет: Thanks God I reached you. I was wandering whether I will make it. But I finally found you. So if you saw the mail that I sent to you…

Коџак: Oh yes, I saw it. Thank you very much for your job offer.

Хамлет: No problem Kojak. So what do you think about working for our organization?

Коџак: Sorry, I was in a bit of a mess and had no time to check this, but what kind of organization is it? What it is about?

Хамлет: Sorry to hear that. We are, what the mainstream media calls “far-right” organization. We guess it’s because we’re far too right when it comes to social responsibility and dealing with current problems.

Коџак: I see.

Хамлет: We are focused on the problem of immigration at the moment and we’d like to invite you to work for the PR department and spread the word for our cause.

Коцак: I frankly have to think about it.

Хамлет: My name is Hamlet and **you** are the one to think about it?

Коцак: Your name may be Hamlet, but my name means *lucky parking*.

Хамлет: So you need *luck* in order to park well, not *thinking*.

Коцак: *Luck is but a coronation of the right decisions*. And decision-making is a thoughtful process. At least that's what I wrote… I mean what I read in Zvonko's book.

Хамлет: I see… well, let me know of your decision. But please do it in reasonable time, so that I could take care of your place.

Коцак: Of my place?

Хамлет: Yes, your place to stay. Or would you prefer working strictly online?

Коцак: Ahm, I'd prefer working on the spot.

Хамлет: So there you go.

Коцак: Well, since my thinking process was extremely intensive for the last 20 seconds, my answer would be *conditional yes*. That means I would need my girlfriend Kata to come with me. Here she is a famous TV personality and news reporter. If you can also provide job for her, I would have no problem coming to Denmark.

Хамлет: Ah my dear Kojak, you naughty Balkan boy. To go or not to go? I would say… send me a picture and a video of our Kata, our TV star. Can you do it now?

Коџак праќа фотографија и WEB линк со видео од Ката.

Хамлет: Actually, we have an ongoing ad searching for professional TV reporters. And since we had many applicants… oh there she is! She looks just like your country. So small, and yet, so alluring, charming. I can see it in her eyes - she's a professional.

Коџак: So you can see it too?

Хамлет: Oh yes. And you two can come to Copenhagen.

Коџак: Yeeeeeeeah. Thank you Sir Hamlet. Just one more thing.

Хамлет: Mister Anderson. Yes, go on.

Коџак: Mister Hamlet Anderson. I just cannot do it right at the moment. I will, however inform you soon enough.

Хамлет: Okay, just let me know when you can.

Коџак: I will. Thank you from the bottom of my art.

Хамлет: No problem Kojak. Talk to you soon about the details. Gotta go now.

Коџак: See ya mister Anderson. (На себе.) Ај да ѝ пишам на нашата TV personality...

Коџак завршува со разговорот и вклучува видео. Се слуша гласот на Ѕвонко во еден миг се слуша како вели „Лош маркетинг е добар маркетинг".

Коџак: Ѕвонко на позната телевизија. Луѓенца мои! TV BDC. Бидиси. Свој.

Влегува Ката.

Ката: Зошто ти требам?

Коџак: Погоди.

Ката: Ако Ѕвонко сака интервју за ТВ Атрибут, кажи му дека термин ќе има тек за две недели.

Коџак: Атрибутите на Ѕвонко за две недели ќе се вивнат до BBC. Моментално е на BDC, уште буква да смени.

Ката: Ондак?

Коџак: Знаеш љубави, љубовта е како мисија. Мисија, која ако ја сфатиш погрешно, наместо во кревет, може да те однесе во Африка или третиот свет.

Ката: Тебе кај те носи?

Коџак: Нас! Нас не носи, драга моја, во земјата во која после 400 и кусур лета повторно нешто засмрди. Но ти со сите неовоземни мириси запечатени во твојата кожа ќе ѝја вратиш свежината на балканските планински гори, на езерата и топлите мориња, од Дунав, Јадран и Егеј до магичниот Босфор...

Ката: Ме заебаваш? Никад не сум била на Босфор.

Коџак: Кој рече дека мора да се иде негде за да се носи духот на својот поширок геопростор? Срце, за Данска ти зборам.

Ката: Данска? Што има во Данска?

Коџак: Многу пари, мила. Но, како и секаде каде што има многу пари, има и многу имигранти.

Ката: Имигранти?

Коџак: Да, ние би можеле да дадеме минимален влог во решавањето на тој колосален предизвик. Европските проблеми се наши проблеми.

Ката: Храбро.

Коџак: Само така. Доаѓаш со мене во Копенхаген.

Ката: Па не знам.

Коџак: Зошто?

Ката: Имам сестра. Не можам да ја оставам. Можеби ако дојде и таа...

Коџак: Не знаев дека имаш сестра.

Ката: Неразделни сме.

Коџак: Стварно?

Ката: Да.

Коџак го зема мобилниот и пишува порака.

Коџак: Ај да видиме што има Хамлет да каже.

Ката: Хамлет?

Коџак: Хамлет од 21 век. Еве го. Прашуе шо работи сестра ти?

Ката: Економистка. Сметководителка.

Коџак: (Пишувајќи.) Практично.

Ката: Да, и ептен ја сака математиката. Во слободно време се изолира и решава математички проблеми.

Коџак: Хамлет вика... никад вишок од економисти. Така да... **да**! (Ја зграбува Ката и ја бакнува.)

Ката: (Кон публиката.) Рече да?

Коџак: Да, да, да.

Ката: Ќе се извади од папучи Милева! Чекај да ѝѕвонам.

Коџак: Немој да ѝѕвониш. Оди и извади ја од папучи. Можда и ѝтребаат нови. (Ѝтутнува банкнота.) Повели, купи и’.

Ката: Ме зезаш со париве?

Коџак: Не бе, стварни се. Ама ако мислиш дека не ѝ требаат...

Коџак ѝ ја зема банкнотата од рака, но Ката молневито си ја враќа и му одмавнува со неа за збогување.

Коџак: (Ја зграбува за рака.) Чекај, треба и ја да идам.

Ката: Само да се идело негде.

Коџак: Ко к’сметот сум си.

Двајцата за рака ја напуштаат сцената.

# СЦЕНА 6

На сцена се Ѕвонко, Коџак и секретарката Ѕуница. Ѕуница пие кафе во одајата пред канцеларијата, додека другите двајца се во канцеларијата. Ѕвонко пие кафе и чита весник, Коџак фокусирано работи на компјутер.

Ѕвонко: Откако излезе книгата и веснициве почнаа да шират лоши критики и кај нив порасна продажбата, мамата. Има да ги тужам!

Коџак: Остај ги, бар не трујат со фејк њуз.

Ѕвонко: Како бе не трујат? Па ти си авторот, богати. Пофејк од ова - здравје. Башка веќе си дел од фирмава. Можеш и ти да ги тужиш.

Коџак: Не дека не си у право. Јес дека све шо не е оригинал како нас, а се замара со нас е фејк. И баш затоа треба да им се одговори у духот на книгата. Кога ќе плукаат по нас, плукаат по себеси.

Ѕвонко: Демек плукаат во огледало а?

Коџак: Имено.

Истапувајќи од публиката, на сцената се качува Пепси, облечен во хавајска кошула и панталони. Носи акт-чанта. На левото рамо има пчела. Застанува пред канцелариската врата. Се загледуваат со Ѕуница и си кимнуваат неколку пати потврдно. Пепси повремено ја пригалува пчелата сосема нежно.

Коџак: Него, да те прашам, да не случајно ти се наоѓа некој ситниш? За тато ми е.

Ѕвонко: (Го вади паричникот.) Колку ти треба?

Коцак: Десет илјади евра.

Ѕвонко го погледнува под око.

Коцак: Му треба дефибрилатор.

Ѕвонко вади пари.

Ѕвонко: Еве ти пет илјади... ќе добиеш накнадно кога ќе отиде и овој тираж.

Коцак: (Ги зема.) Старата има проблем со тироидната. Ќе ѝтребаат за прегледи, снимки и чуда.

Ѕвонко: Еве ти уште двеста. (Му подава.) Иам мајстори дома, треба и со нив да се раздужам.

Истовремено Ѕуница му се обраќа на Пепси.

Ѕуница: Извинете, како би можела да ве услужам?

Пепси: Вашиот шеф тука е? Сакам јас него да го услужам.

Ѕуница: Во ред. (Се дере.) Шефе!

Ѕвонко: Е! Кажи Ѕунице!

Ѕуница: Еден човек! Или човече.

Ѕвонко: (Запрепастено.) Каков човек ма! Муштерија ли, клиент ли? Човек... човече.

Ѕуница: (На Пепси.) Муштерија? Клиент?

Пепси: Ни тоа, ни тоа. Едноставно... Пепси.

Ѕуница: (Гласно.) Едноставно Пеп... (Се штрецнува.) Ни тоа ни тоа!

Ѕвонко: (На Коџак.) Мајкооо, замисли секој еден **човек** кој треба да го пуштам в канцеларија да не е ни тоа ни тоа. (Излегува.) Да го видиме ние тој фамозен **човек** или човече.

Ѕвонко го здогледува Пепси во кошулата правејќи израз на негодување.

Пепси: Добар ден!

Ѕвонко: За кого како! Кој сте вие? Што ви е тоа на рамото? (На страна.) Бог да ми е напомош ако типов носи некое тајно оружје! Гарант е пуштен од конкурент.

Коџак ѕирнува низ вратата и го здогледува Пепси правејќи го истиот израз на негодување.

Пепси: Извинете, не ве чув што си рековте.

Ѕвонко: Велам Бог да ти е напомош ако имаш проблеми со рамото. Тоа некаков апарат е?

Пепси: Не.

Ѕвонко: Знам како е да се има проблеми со рамења.

Пепси: Да?

Ѕвонко: Овај, брат ми знае. Малце му е дислоцирано.

Пепси: Брат ви? Тука е негде?

Ѕвонко: Не сум го видел со години. Него, кој си ти и како можам да ти поможам?

Пепси: Ме викаат Пепси.

Коџак влегува.

Коџак: Здраво Пепси.

Пепси: Господине... тоа сте вие!

Коџак: Да бе.

Пепси: Еј ова е привилегија. Ви благодарам за лебот од онојпат. Парите отидоа, ама лебот...

Коџак: Е кај отидоа?

Пепси: Па...

Коџак: Не ми кажувај. Гарант си ги купил панталониве. Многу јако ти стојат!

Пепси: Како да ти кажам... отидоа за хорс.

Коџак: За што отишле?

Ѕвонко: Хорс бе - за коњи нешто. Ги спичкал по кладилници.

Пепси: Не. Отидоа за... за дрога. Хероин.

Коџак: Друже, не сме ти ние баш некое друштво за лаф муабет разонода. Слушај, ова е сериозна компанија, ако си дојден да ловиш информации или да одолговлекуваш боље побарај некој од конкурентите наши.

Пепси: Зборувам вистина. Тие пари што ми ги даде сосе сите пари што ги печалев тој период ги голташе мојата зависност. Но не повеќе. Сега сум на медче и чиста лековита

храна. (Кон Ѕвонко.) А за тоа сте заслужен вие. Вие сте мојот месија, Ѕвонко.

Ѕвонко: Благодарам за комплиментот. Но како тоа?

Пепси: Тоа беше ужасен период. Сѐ што посакував беше да си ги ускратам маките. Ја изгубив среќата, надежта, чувствата... ми преостана уште волјата. Помислив дека и нејзе ја немам.

Ѕвонко: Па ти си се откажал од хероин!

Пепси: И тоа повеќе пати! Едно 6-7 пати. А за влакно неколку пати можеше да ме голтне димитри.

Ѕвонко: Кој?

Пепси: Димитри, DMT. Супстанцата што се излачува при раѓањето и во мигот на смртта.

Ѕвонко: Човече, ти си мајстор на волјата. (Гледајќи во Коџак.) Мајстор.

Пепси: Вашата книга...

Ѕвонко: (Гледајќи во Коџак.) Мислиш дека мојата книга те извлече? Одма ќе ти речам - имаш грешка на куб!

Пепси: На што?

Ѕвонко: На куб бе, знаеш што е куб. Целата истрајност е резултат на твојата несовладлива, дисциплинирана волја, колку целиот тој процес и да е заебан на почетокот.

Пепси: Не ми беше толку заебано откажувањето. Сум работел ја и за социопат газда едно време. Го занимаше само профит човекот.

Ѕвонко: Да а? Што функција имаше?

Пепси: Бев у фарма. Инсеминатор на прасиња.

Ѕвонко: Инсеминатор на прасиња?

Пепси: Да, она кога им ја собираш... знаеш... и после ја ставаш во... А иначе сум бил и во брак кратко време.

Ѕвонко: И како?

Пепси: Па ти викам, откажувањето не е најзаебана работа шо ми се има десено.

Коцак: Пепси.

Пепси: Е?

Коцак: Пепсијален си брат. Мајке ми. Да те немаше ќе требаше Ѕвонко да те измисли. Или ја да те напишам. Али јебига, те има и нема потреба луѓе да трошат енергија за ти да постоиш.

Пепси: Фала шо мислиш така.

Коцак: (Погледнува кон Ѕвонко.) Не мислам ја, има кој треба да му ја мисли тука.

Ѕвонко: И добро бе Пепси, значи ти ја прочита книгата и оп - те спаси?

Пепси: Ми отвори патишта кои без неа немаше да знам дека постојат, да господине.

Ѕвонко: Правеше ти нешто во меѓувреме? Те инспирираше да почнеш да се занимаваш? Да го окупираш мозокот?

Пепси: Да ти кажам една тајна... Одма штом ја прочитав, почувствував... почувствував ненадеен, вонредно моќен наплив на енергија. Енергија која ме вдахнови со нови желби и пориви, страст за... (Му зуе пчелата и тој ја смирува.) Смири се Марта. Татенце има сè под контрола.

(Коџак и Ѕвонко се погледнуваат.)

Пепси: Страст за обликување на новата реалност.

Коџак: Одразена од огледалото на твоето Ново Јас. Страница 53, втор пасус.

Пепси: Таа книга... таа книга за мене е нова библија. (Доаѓа до Ѕвонко и му ги бакнува рацете.) Ти благодарам. Сакам да ти се оддолжам.

Ѕвонко: (Тргајќи се.) Е добро де, само си ја вршев мојата етичка должност... дадена од Бога. Слушај, а со што се занимаваш ти сега? Што ти е тоа на рамото што зуе?

Пепси: Не што - кој! Или поточно која. Тоа е Марта.

Ѕвонко: Марта?

Пепси: Мојата најприврзана и најпослушна пчела. А јас моментов, како и многу моменти до овој сум - пчелар. А во слободно време и боксер.

Ѕвонко: (На себе.) Знаев. Овој е гарант дојден да ме убие од ќотек. Сега чека саглам момент. Атентатор. (Кон Коџак.) Слушај Коџак, имам една работа дома... види со гостинот што-како би сакал да се оддолжи.

Коџак: Нели имаш мајстори дома?

Ѕвонко: Па со нив де.

Пепси: Би сакал да работам за вашата компанија, господине.

Ѕвонко: Жалам, но тоа е малку комплицирано. Да беше програмер па да ти дадев да работиш на новата апликација за смартфони што ја спремаме, ама вака...

Пепси: Не барам плата. Едноставно, чувствувам нескротлив порив да направам минимално оддолжување на она што го направивте Вие за мене.

Ѕвонко: Во тој случај, па... можеби и би можеле да најдеме нешто, така Коцак?

Коцак: Аха.

Ѕвонко: А сега мора да одам. Коцак, имам една идеја околу наш следен проект, но друг пат за тоа. (Се ракува со Пепси.) Ми беше особено драго.

Пепси: Мене не. Ми беше... миракулозно. Одете ми со здравје, господине.

Ѕвонко: Господ нека е со нас. (Ја напушта сцената.)

Пепси: Каков човек! Људина.

Коцак: Ех каков... прецизен и пресметан. Со врата отворена... ако си мајстор и знаеш да ја поправиш.

Пепси: Сакам да станам мајстор како него.

Коцак: (Го шета погледот со заинтригирана полунасмевка во него и публиката.) Не можеш.

Пепси: Зошто мислиш?

Коџак: Премногу е... фокусиран.

Пепси: Па тој токму тоа го вели во книгата. Страна 117, трет пасос: „Фокусот е машина и гориво за секој успех. Сè што преостанува...“

Коџак: (Го прекинува.) „Е да се запали моторот.“ Да, **тој** тоа го вели.

Пепси: И затоа успеав.

Коџак: Успеа?

Пепси: Успеав. И знам - ако е фокусиран тој, ќе бидам и јас.

Коџак: Не ме сфаќај погрешно, али ни ја ни ти никад нема да бидеме ко Ѕвонко. А и таа компетитивност - *ако е фокусиран тој, ќе бидам и јас* - е тоа видиш, не го вели во книгата. (Го фаќа за рамо.) Ја ти викам: фокусирај се на себеси, само ти си битен, заеби го светот.

Пепси: Како?

Коџак: Па ете, ти не ја гледаш шумата од дрвото. Значи сè шо треба да напраиш е да ставиш огледало пред себе. И ач - немензи свет. Сè што ќе ти остане ќе бидеш ти и само ти. Па има да се наполниш со себе како оние рускине бабушки. Отвораш една и оп - вадиш друга, трета, четврта.

Влегува Ката. Не ја забележуваат и таа ги слуша.

Пепси: Ама тоа не го пишува во книгата.

Коџак: Е штом не го пише - ништо! (Го погледнува прекорувачки.) Слушај, не ме сфаќај грешно али факат е и дека дрогата не е дека не донела јаки работи. Елвис, Џим

Морисон, спринтери на сто метри... а ми се чини по муабетов, и тебе.

Пепси: Мене? Ама ти се зезаш со мене.

Коџак: Не бе, ти си јак човек. Гарант. Можда не се гледа, али се осеќа у ваздух. Ко лук у пензионерски здив во јавен превоз.

Ката: Добар ден!

Коџак: Здраво Ката.

Ката: Кој е човеков?

Коџак: (Фрлајќи надмен поглед.) Типот со пчела на рамо.

Пепси: Јас сум Пепси, млада госпоѓице. А вие сте?

Ката: Ката.

Пепси: Ми делувате познато.

Коџак: Она ли? Нашата ѕвезда... црвена... а богами и црна. Така ли е комитке?

Ката: И јас тебе како да сум те видела. Што работиш?

Се слуша пчелино зуење.

Коџак: Пепси е нов човек у екипата. Му помогнала „Мајстори за огледала“ и сега решил да му се оддолжи на нејзиниот автор. А иначе, ко шо се може да се слушне, пчелар.

Ката: Навистина?

Пепси: Таа *благородна* книга се појави мигот пред животот да ме згази начисто. Во критичната фаза од мојата депресија. А моите талентирани и неисцрпни мали работнички произведуваат тон и пол мед годишно. И прополис, матична млеч, восок...

Ката: За своите пчели зборуваш небаре за луѓе.

Пепси: Да.

Ката: Хм, тоа е *благородно* од твоја страна.

Коцак: Дај те молам, *благородна* е супстанцата што те дочекува и испраќа од овој свет, како димитри.

Ката: Мислиш DMT?

Пепси: (Кон Коцак.) Колку ли е ироничен тој што нѐ создал кога нѐ дочекува и испраќа од овој свет со психоделик, во меѓувреме дозволувајќи нѝ да останеме слепи, халуцинаторни, себевљубени циници кои едни од други си ја криjат вистината како дрвото шумата?

Коцак: (Кон Пепси.) Ироничниот хумор ти е ко Алкатраз баци. Не го сфаќаш, не го знаеш, а кога ќе го знаеш, не можеш да му избегаш. Знаењето е учење од грешки, али такви кои не убиваат. Меѓу мене и тебе кажано, дрогата убива.

Ката: Коцак.

Пепси: Она што те убива не може да те направи посилен.

Коцак: Апсолутно.

Пепси: Но тоа не е случај со мене. Јас не бев убиен.

Коџак: Дека не си стапнал на жуљ на некој кој би ти поверувал дека си го надминал хероинот.

Пауза.

Коџак:Ката, јас треба да...

Ката: Оди, ама дојди само на миг.

Двајцата се тргнуваат настрана.

Ката: Шо ти е тебе?

Коџак: Шо шо ми е ма?

Ката: Човеков си го подигнал од амбис. Си го размрдал.

Коџак: Човеков ни дизалица бесна и земјотресна не би можела да го подигне или размрда.

Ката: Ти навистина не веруваш дека си создал нешто што може да трансформира туѓи животи.

Коџак: Само во него не верувам. Не знам, некако ми смрди.

Ката: Ти смрди носот.

Коџак: (Шмрка.) Го осеќаш?

Ката: Немој да направиш да не го осеќам.

Ката му намига и се враќа кон Пепси. Коџак ја напушта сцената.

Коџак: Вообразена чуфутка.

Коџак ја напушта сцената.

Пепси: Замина Коџак?

Ката кима потврдно.

Пепси: Ми текна кај те имам видено.

Ката: Се видовме кај него у гајба.

Пепси: Да. Тогаш бев...

Ката: Зошто е важно што или каков си бил?

Пепси: Минував низ ужасен период.

Ката: Си се дрогирал?

Пепси: Неколку пати ме воскреснуваа на Токсикологија. Ме вратија од overdose. Намерен. Самиот Господ не знае како останав на овој свет. А ете тука сум.

Ката: Баш тука.

Пепси: Книгата ми помогна. Пчелите. И спортот.

Ката: Шо спортуваш?

Пепси: Бокс.

Ката: Ефикасно.

Пепси: Скроз.

Ката: Сакаш да одиме на натпревар? Имам две карти. Едната требаше да биде за Коџак.

Пепси: Фудбал? Кој игра?

Ката: Вардар-Кожуф. Финале од Купот.

Пепси: Кои се Кожуф?

Ката: Неам појма. Ќе одиме и ќе видиме.

Го фаќа Пепси за рака и ја напуштаат сцената.

## СЦЕНА 7

Фудбалска трибина. Навивачи. Галама. Пепси и Ката го гледаат натпреварот и навиваат. Ката мавта со навивачко знаме.

Пепси: Ахм... зарем не можевме да најдеме подобро место? Овие околу нас нè гледаат чудно.

Ката: (Се развртува.) Мислиш? Па ваљда сме чудни. (Продолжува да навива.) А можда и сме ја згрешиле публиката.

Пепси: (Гледа наоколу.) Можда... а можда само трибината. Може да ти ја видам картата? (Ја зема картата.) Знаев.

Ката: Е добро де.

Пепси: Добро што?

Ката: Ништо. (Пее и го вее знамето.) Комити знаме на запад веат и песна пеат, и песна пеат...

Пепси: Абе ти навивачка си била.

Ката: Знамето наше во две бои, црвено-црно, на запад стои... црвената е во крвта врела за македонски градови и села...

Пепси: Еј.

Ката: А црната е за тој што жали за Гоцевите идеали!

Пепси: Абе овие стварно лошо нè гледаат. Додуша и боксерите имаат заебан поглед. (Ги зјапа.)

Ката: Вардар! Але але але але! Вардар! Але але але але! Да живее Вардар и Македонија![2]

Од трибината се појавуваат двајца навивачи.

Навивач 1: Дечки, ај марш!

Навивач 2: (Пее.) Ова е трибина на Фантоми!

Навивач 1: (Пее.) Фантоми гевгелиски!

Ката: И што да им правиме на фантомите?

Навивачот 1 доаѓа до Ката и со показалецот ја допира под брада. Ѝ го одзема знамето и го фрла.

Навивач 1: За почеток може да научиш една друга песна.

Ката: Не сум пејачка.

Навивач 1: Али сакаш да настапуваш, а?

Пепси: (Подигајќи го знамето.) Дечко, ај те молам два чекори наназад за секој еден напред!

[2] Химна на навивачката група Комити

Навивач 1: Извини не те чув!

Пепси: (Ги стега бицепсите и истегнува рацете.) Ако нешто мразиме ние боксерите, тоа е друже, да се повтараме. Особено кога си имаме работа со еден ист тип фајтери, знаеш, шо секоја рунда повторуваат едни те исти движења. Дајте бе нешто ново луѓе...

Навивач 1: (Се засмева и нагло го удира Пепси со тупаница.) Изволте.

Пепси му враќа. Се вмешува и Навивачот 2 и останатите навивачи. Настанува општа бркотница. Пепси ѝ дава знаци на Ката да избега. Тепачката продолжува. Пепси се обидува да ги вежба бокс движењата и ударите, но добива удари во стомак, грб, нозе и задник.

Навивач 1: (Удирајќи.) Спиеш ли мирно Владимире Кличко?

По кратко, Пепси паѓа здробен од ќотек. Навивачите заминуваат. Вревата престанува. Доаѓа Ката.

Ката: Леле што направивме! (Го гледа легнатиот Пепси.) Ај ај! Попара те направиле.

Пепси: (Се свртува.) Попара ме направиле.

Ката: Жалам.

Пепси: (Пробува да потстане во болка.) Чат-пат се случува да те истепа цел навивачки тим.

Ката: Лежи мирно.

Ката го подига знамето, го кине и му прави преврски. Го преврзува на рака, рамо и чело. Пепси ја гледа љубопитно.

Ката: Ти тече крв по рамо, а немам средство за дезинфекција.

Пепси: (Потстанува.) Што ќе му е средство за дезинфекција на некој којшто е... чист? Чекај, рамо спомна? (Се врти.) Марта? Мартааа! О каде ми е пчелата?

Ката: Не ја видов.

Пепси: (Ја спушта главата.) Ако ја убиле ќе ги изгазам до гроб и потоа назад до мајчина утроба! Марта... (Кратка пауза.) Знаеше дека ќе бидеме опколени од навивачи на Кожуф?

Ката: Да ама не дека ќе ти ги офарбаат лицето и телото во бојата на ФК Кожуф.

Пепси: Зошто?

Ката: Интересно ми е.

Пепси: Интересно? Ми ја убиле најблиската пчела а тебе ти е интересно!

Ката: И што? Имаш и други!

Пепси: (Ѝ фрла огорчен поглед) Тоа не е точниот одговор Ката.

Ката: Тоа се пчели, човече.

Пепси: Тоа е моето семејство. Човече.

Ката: Тогаш мора и самиот да си пчела.

Пепси: Сум! Затоа и немам пријатели меѓу луѓето. Знаеш ли зошто... (Се наместува во седечка положба.) Знаеш ли зошто ја ценам таа книга?

Ката: *Мајстори за огледала*?

Пепси: Затоа што ме извлече нешто во што моите пчели ме вовлекоа, а од што претходно ме извлекоа.

Ката: Не разбирам.

Пепси: Едно  рано утро интуицијата ме разбуди и нозете сами тргнаа кон сандаците на моите работнички.

Ката: Работнички, а?

Пепси: Беше 6 часот и 43 минути кога го осведочив страотниот хорор. Единаесет од тринаесетте сандаци беа...

Ката: Беа?

Пепси: (Му насолзуваат очите.) Уништени! Пчелите беа раскинати на парчиња! *Јата стршлени ми го раскинаа животот на парчиња*... (Плаче.) За малку не тргнав да им се дадам... да ме дораспарчат. Требаше.

Ката: (Го гушнува.) И затоа падна во депресија.

Пепси: Да го сторев тоа, ни депресија ни Кожуф, ни Вардар, ни насилни навивачи, ни тебе, ни Ѕвонко ќе ве видев... Не можев заради Евросима. (Вади фотографија од заден џеб и ѝ ја покажува.) Баба ѝ на Марта. Најборбената и најумна меѓу преживеаните. Оваа кошула што ја носам... ѝ беше омилената. Не се одделуваше од мене кога ќе ја облечев.

Ката: (Гледа кон публиката.) Ти навистина ги гледаш пчелите како луѓе. Значи не биле дроги причината заради која си западнал во криза? Ти си навистина уникатен човек Пепси.

Пепси: (Ја гледа в очи.) Го имам истото мислење и за тебе.

Се слуша зуење.

Пепси: Марта! Доаѓај кај тате... така мила моја! (Ја гали.)

Ката: Ова е неверојатна сторија! Би можел да влезеш во централниот дневник.

Пепси: Навистина е. (Ја гушнува.)

Ката: Ах, Коџак да имаше барем мала сличност со тебе. Се плашам дека станува како Ѕвонко.

Пепси се подава да ја бакне.

Ката: Што правиш?

Пепси: Извини. Се занесов. (Се повлекува. Мала пауза.) Како Ѕвонко рече? Но Ѕвонко е...

Ката: Ѕвонко е кур на тркала, да ми простиш!

Пепси: Зошто го велиш тоа за човекот кој ме извлече од...?

Ката: Како те извлекол? Продавајќи ти збирштина правила по кои треба да го живееш животот без абер да има за нив? Без абер да има за она што го пишува во книгата на која е потпишан како автор?

Пепси: Како мислиш потпишан? Ми велиш дека тој не е...?

На Пепси му ѕвони мобилниот телефон.

Пепси: Извини. Да Коџак? Ме примате како шофер? Заблагодари му на Ѕвонко, речи му... добро, разбирам. Комбе со книги веднаш да тргне? За каде? За Гевг... за Гевгелија? Па... да да, прифаќам ако веќе имало навалица. Добро, оттаму продолжувам за остатокот од југоистокот. Договорено. (Го спушта телефонот и станува.) Слушна? Ќе одам на гости кај оние кои ме офарбаа од ќотек.

Ката: Кажи колку е ироничен тој што нѐ создал.

Пепси: Ѕвонко го унапредил Коџак. Немало доволно шофери да ги превезуваат примероците.

Ката: Чув.

Пепси: Бркам работа.

Ката: Бркај.

Двајцата ја напуштаат сцената.

## СЦЕНА 8

Канцеларија. Коџак седи, Ѕвонко шета во кругови.

Ѕвонко: Ме поканија на франкфуртскиот Саем на книга.

Коџак: Оди.

Ѕвонко: Тоа е планот. Ме чека шоферот за на аеродром. Али прво да ти признаам нешто. Книгата беше мегауспех. Ме

извлече од лајна со нешто кое до финишот се сомневав дека вреди да се отпечати.

Коџак: Европскиот човек се наоѓа во ситуација на зголемена потреба од книги кои би можеле да му го осветлат патот кон некоја сигурна иднина.

Ѕвонко: Токму тоа е и мојот заклучок. И во таа смисла би ти дал уште една понуда. Се сеќаваш на муабетот за розевите и златните очила? Би сакал да ги склопиш тие размисли во вид на втора книга.

Коџак: Законот за атракција. Привлекување со мисли.

Ѕвонко: Токму така. Секоја мисла е битна. Особено оние *малиӣе*, знаеш. Тие можат буквално да нѐ полудат.

Коџак: Свесен си дека таа тема ми е далечна.

Ѕвонко: Токму заради тоа. Откако ќе ѝ влезеш, ќе станете Едно и ќе имаш сѐ. Затоа што ќе ја стекнеш способноста да привлекуваш сѐ што ќе посакаш.

Коџак: Не можам.

Ѕвонко: *Не можам, не умеам* и *не сакам* се подеднакво силни и важечки Закони по кои се раководи *сӣадоӣо*. Тебе во најмала рака те сметам за *црна овца* или барем сива. Луѓето го користат Законот за привлечноста со милениуми. Секој успех е постигнат со негова примена, вака или онака! Александар стигнал до Индија, Давид го победил Голијат, алхемичарите направиле... Александар стигнал до Индија еј!

Коџак: Татко ми има болест.

Ѕвонко: И што презема по таа основа?

Коџак: Она што му дозволува буџетот кој му го сервираш ти.

Ѕвонко: Не е доволно.

Коџак: Знам.

Ѕвонко: Не во таа смисла. На човекот му е неопходен мајндсет кој ќе го насочи кон преземање конкретни материјални, пардон - материјализирачки акции. Духот е секогаш над телото.

Коџак: Кај го пишува тоа?

Ѕвонко: Знам еден алхемичар кој го велеше тоа. Нејсе, знаеш што треба да направи татко ти? Да визуелизира. Но вистински. Да визуелизира до точка кога ќе се почувствува себеси. Како јас што правам. И еден ден... ќе видиш што ќе се деси еден ден.

Коџак: Како да се почувствува себеси?

Ѕвонко: Не знам. Нека мастурбира. Нека го оптегне умот до своите рабови и нека му дозволи на телото елегантно да плови по него. Нека вежба.

Коџак: Вежба тој. Прави по 6 чучњеви на ден. Не по ред, али ги прави.

Ѕвонко: Може да прави и вежби за ум.

Коџак: Некогаш ми ги чита постарите необјавени текстови. Само тој може да ги разбере.

Ѕвонко: Убаво е да се чита, али синко читањето ти е ко ролеркостер - после првите 5 минути некогаш може да ти се приповраќа. А и видиш, ни ти не си материјализирал доволно

добро штом само родител може да те разбере! Среќа сум ти се материјализирал *јас* во животот.

Коџак: Да, фала ти. Сепак, не можам да напишам таква книга.

Ѕвонко: Зошто?

Коџак: Опасно е да се наведуваат луѓе дека можат да се исцелат од болести со помош на „Законот за привлечност“. Противпродуктивно е луѓе да се надеваат на материјални придобивки без изготвен план за акција, мрежа, човечки ресурси и акција.

Ѕвонко: И к’смет! Главниот предмет на Законот за привлечност!

Коџак: Сеедно.

Ѕвонко: Не разбираш.

Коџак: Не разбирам.

Ѕвонко: Не е сеедно. Сè е, само не е сеедно. Можеби би ти помогнале едно-две предавања кај еминентен стручњак од областа. Како и да е, ме чекаат за на аеродром.

Коџак: Среќен лет.

Ѕвонко: Ами каков поинаков. (Намига и ја напушта сцената.)

Коџак останува на бирото.

Коџак: Близок до Господ, каков. А кога тебе летот ќе те доближи до Господ, јас ќе станам атеист.

Му ѕвони мобилниот.

Коцак: Да? Па влези де?! (Зачудено.) Ката е со тебе? Влезете, ајде. Пасвордот? А, да... Ѕвонко ставил пасворд. Шифрата е... шест... шест... нула нула седум. (Го спушта.)

Пепси влегува во придружба на Ката, која седнува настрана. Коцак ја здогледува и ја игнорира.

Коцак: И како... (Го погледнува зачудено.)... како фацата?

Пепси: Декорирано. Бев на некои терапии за подмладување.

Коцак: А црвенилово од шо ти е?

Пепси: Такви се терапиите, со масажи.

Коцак: Аха.

Пепси: Башка јадев калинки. У Гевгелија ги имаат најубавите калинки.

Коцак: Ја ќе прашав да не си јадел ќотек. Али штом биле калинки, крв да ти се сторат!

Пепси: Фала. Него, оние примероците шо ги превезував...

Коцак: Од „Мајстори...“?

Пепси: Абе на патот до Гевгелија фатив една кривина кај Демир Капија, ама една таква незгодна...

Коцак: И?

Пепси: Епа... епа испаднаа некои. Се отвори гепекот и на вртење излетаа.

Коџак: Излетаа у провалија?

Пепси: Да, нешто.

Коџак: Нешто?

Пепси: А другото го земаа. Многу луѓе на патот. А патот блокиран ради градежни работи. И нема што да се прави.

Коџак: Многу луѓе на патот кај Демир Капија?

Пепси: Да бе. Башка... сакаа да го видат премиерот. А тој јадниот се смешка од кола и мавта во сите правци. Не знаеше човекот од кој агол може да го начекаат папараците!

Коџак: Премиерот идел за Гевгелија?

Пепси: Да, вечерва имале митинг.

Коџак: И ти им даде примероци на луѓето да си читаат?

Пепси: Само на некои. Некои си земаа сами.

Коџак: Боже мој. И не ти ги вратија?

Пепси: Ме испокрадоа од пред нос. Па луѓето нагрнаа. Да се читало та да се читало... демек немаат Фејсбуци и смартфони. (Се насмевнува.) А има и добра вест.

Коџак: А?

Пепси: Книгите ми излетаа баш пред колата на премиерот. Па погоди кој го чита нашиот Ѕвонко сега.

Коџак: Потсекретарот на неговиот портпарол?

Пепси: Дотичниот ја отвори вратата од мерцедесот, зеде примерок и елегантно, како што само премиерите го можат тоа почна да ги врти страниците.

Коцак: Закон.

Пепси: Баш закон.

Коцак: Можеби и ќе оформат Министерство за среќа сега. Секунда... (Го зема мобилниот, се јавува негде и оди настрана, а по кратко се враќа.) Добро, зашто мислиш дека можеш да ме прејдеш со таква маалска финта? Знаеш дека во моите очи лажењето е погрешно.

Пепси: Кога се лаже, освен во исклучителни ситуации како онаа од пред малку, не треба да се гледа во очи.

Коцак: Значи признаваш дека ме лажеше.

Пепси: Ако е маалска финта, има потреба да признавам?

Коцак: У мое маало признал-не признал, да те фатеа да лажеш, сега ќе беше смачкана лименка Пепси. А ако ти интересно да лажеш, да те потсетам дека пропушташ уште едни избори за влез во извршна власт.

Пепси: Не те излажав заради аздис, сакав да... извини, фрлив неколку пакети со книги. Имав миг на...

Ката истапува.

Ката: Имаше миг на созерцание.

Коцак: Тој? Созерцание?

Ката: Човекот сфати дека никогаш нема да поседува нешто што е твое. Можеби.

Коџак: Мислиш као љубомора? Љубомора за што?

Ката: Па за...

Пепси: За твојата девојка!

Коџак: Ти батка се шалиш.

Пепси: Не ми го испокрадоа книгите од пред нос, но затоа жените... жените секогаш ми ги крадат!

Коџак: Кога немаш резерви... (Доаѓа до увото на Пепси.) Да те прашам, али да не излажеш. Да не си гладен?

Пепси: Не.

Коџак: Ми делуваш ко да немаш јадено асален ќотек од мали нозе.

Пепси: Имам.

Коџак: Ај една доза. Да ти ги среди мислите. (Го шлака полека.) А? Шо викаш? Пропалица кој не јаде ќотек правовремено не е вистински пропалица.

Пепси: (Му ги трга силовито рацете и го гледа задишано.) Доста! (Ги подига рацете.)

Ката: И Коџак лаже.

Коџак: За шо мори лаже Коџак?

Ката: Коџак е вистинскиот автор на книгата што ти го спаси животот.

Коџак: (Се смее.) Леле. И замисли - сега му го спасува повторно така што му го одзема. Не се грижи, нема да те

убијам. Само ќе ти фрлам поглед кој нема да можеш да го заборавиш. (Го зјапа смешно.)

Ката: Коџак, книгата ја напиша ти, не Ѕвонко.

Коџак: Ја напишав, и?

Ката: И ти, не Ѕвонко, си тој кој зборува дека треба да си простуваме и да покажеме меѓусебна толеранција и трпение.

Пепси со подигнатите раце го прегрнува Коџак.

Пепси: Не сакав да те удрам. Навистина. (Пушта солзи.) Ти си добар човек Коџак. Немав таква намера.

Коџак во прегратка фрла изненаден поглед кон публиката.

Пепси: (Со солзи во очи.) Ти си мојот идол, Коџак.

Коџак: Ти... благодарам. Но Ката се шегуваше. Јас не сум автор на таа книга Пепси.

Пепси: Потребни се луѓе со човечност како твојата. Се надевам еден ден ќе почнат повторно да чекорат по улиците. Те молам прости ми.

Коџак: Простено ти е Пепси. (Издишува.) Иако јас не сум авторот.

Пепси: Стварно?

Коџак: Да, и не знам од каде ѝе тој муабет на Ката.

Пепси го пушта Коџак од прегратка.

Ката: Си имаш работа со *поранешна истражувачка новинарка чија интуиција не се случило да ја излаже*. Сум ти ги читала книгите. Стилот на пишување, изразите, синтаксата, целата мудрост...

Коцак: Јас не сум автор на таа книга.

Коцак доаѓа до Ката.

Коцак: А само мудрите можат да увидат мудрост. (Ѝдава знак на Ката да заминат.) Како и да е Пепси, ние мора да одиме. Ката и јас имаме работа која е незавршена. (Доаѓа до Ката.) И која нема да заврши. (Ја бакнува.)

Пепси: (Се насмевнува.) Само момент. (Бркнува во џеб и вади мало огледало.) Огледалце. Рачна изработка.

Коцак: За мене?

Пепси: (Покажува со показалец.) Ако се прашуваш што е знакчево - оган е. (Му го подава.)

Коцак: Фала ти мајсторе за огледала. Моментов немам што да ти возвратам.

Пепси: Јас сум оној кој возвраќа моментов.

Коцак се насмевнува и заедно со Ката ја напуштаат сцената. Пепси издишува тешко. По кратко, влегува Милева, идентичната близначка на Ката. Пепси во неверување погледнува ту во неа ту во публиката.

Пепси: Мислев дека... штотуку си заминавте.

Милева се смешка.

Пепси: Да не заборави нешто?

Милева: Да, заборавив. (Се смешка.)

Пепси: Прости Боже што не можам да се сетам ако сум зел нешто. (На себеси.) Како да сум ја препржил меморијата. Да проба да се присети човек или да се откаже? (Си поглед-нува во рамо.) И Марта ме напуштила на ваков трип. Марта! (Ја бара пчелата.) Каде си Марта?

Милева: Која ти е таа Марта бе?

Пепси: Ката, ти си?

Милева: (Смешкајќи се.) Не е Ката. Како што гледаш.

Пепси: Која си ти?

Милева: Не ти спомнала за Милева?

Пепси: Не.

Милева: Епа видиш, ние ти сме сестри како лик и одраз од огледало.

Пепси: Близначки! Ова е дар од Бога.

Милева: Дар, ами како. Дупли. Да не мора да трипаш и да се трудиш да гледаш дупло. Што мислиш, зарем некогаш не е подобро да се трипа и да се види реалноста онака како што посакуваме со цел да нѝ се остварат поважни животни цели?

Пепси во двоумење ја здогледува пчелата на главата на Милева и оди полека кон неа. Одејќи, ц’цка со уста.

Милева: Што правиш? Се чудиш нешто? Мислиш ти си тој што треба да ц’цка?

Пепси продолжува.

Милева: Таман жена да помисли дека наишла на човек достоен и пристоен за разумна дискусија! А тој ц’цка и мува не го лази.

Пепси: Чекај, не мрдај.

Милева: Да не мрдам? Баш си чуден.

Пепси тргнува кон Милева, но пчелата ѝсе спушта од коса и ѝ застанува на рака. Милева писнува. Се слуша зуење.

Пепси: (Вади ќибритно кутивче.) Марта, проклета била! Влегувај веднаш!

Пчелата влегува во ќибритчето.

Пепси: Леле Марта е најпослушната пчела! Не мислев е можно да касне. Ќе умре сега и таа клетата!

Милева: Оф, јадната јас! Алергична на пчелин отров!

Пепси: Што? Каде те касна?

Милева: Јадната јас!

Пепси: (Го подига мобилниот.) Ах што ми требаше да ја носам со себе. Ќе викнам пријател доктор.

Милева: Не се труди, излишно е. Ќе умрам.

Пепси: Како ќе умреш?

Милева: Така, во мир. Во болка, но во мир.

Пепси се туфка во неверица.

Милева: Освен ако...

Пепси: Да?

Милева: Освен ако не ми го исцицаш отровот.

Пепси: Да, кажи ми само каде те касна.

Милева: Еве, овде.

Пепси се доближува.

Пепси: (Намириснува.) Кожата ти мириса на мајчина душичка.

Се слуша зуење. Милева прснува во смеа. Пепси останува со подотворена уста.

Пепси: Ти си неозбилна.

Милева: Фала на комплимент. А ти озбилен месија.

Пепси: (Поднамрштено.) Детинест женски створ. (Ја вади Марта од кутијата.) Ајде Марта, немаме воопшто време. (Се спрема да тргне.)

Милева: Дај му време на времето.

Пепси: А? А да му дадам невреме на невремево?

Милева: Подобро одземи му. Што мислиш дека ќе добиеш?

Пепси: Моментална геоекономска и социополитичка ситуација во тунелот пред Демир Капија.

Милева: (Доаѓа до него и го зграбува за јака.) Мислам дека би бил симпатичен кога би излегол од тој твој емоционален тунел.

Пепси ја зграбува и бакнува.

Пепси: Да а?

Милева: Се чини да.

Милева го зграбува. Се бакнуваат.

Пепси: Знаеш, имам некои опции.

Милева: Пази на прашањето за милион.

Пепси: Имам опции за соработка со европски компании за извоз на мед и восочни фигури. Ме капарија и со некој кеш. Пчелите се веќе загрозен вид на Запад. Пестицидите ги ништат.

Милева: И ти ќе ги спасиш?

Пепси: Би сакал. Ми беше дадена бизнис понуда. Постои можност да заминам. Но после ова не би знаел дали навистина, колку и заработката да изгледа солидно.

Милева: Ми се допаѓа како размислуваш.

Пепси: И ти мене.

Милева: Вечерва со Ката организираме забава во станот на Коџак. Поканет си.

Пепси: Благодарам. Се гледаме.

Милева: Се мирисаме. Мајчина душичке.

Ја напуштаат сцената.

## СЦЕНА 9

Во станот на Ѕвонко. Коцак се вртка. Ѕвонко седи и зборува по телефон. На масата е оставено огледалцето-подарок од Пепси.

Ѕвонко: Да мамо? На работа. Да. Да, јадев. Лосос со моцарела и тартуфи, вафли во паста сос и она, како се викаше… (Кон Коцак.) што личи, подугачко е и подобро од чикен нагетс.

Коцак: Пилешки прсти.

Ѕвонко: Прсти. Пилешки прсти. Се тоа залеано со малце ракија. Домашна ракија мамо, без грижа. Види, се’ е ок. Јас моето го остварувам. Стапив во контакт со еден Индиец. Небитно. Добро, доста веќе. Безобразен? Јас? Во заблуда си. Порано бев безобразен, кога ме млатевте со очувот. Сега сум безгрешен. Е ако де, тоа е целта - да прислушкуваат! Па нека пробаат да сфатат со каква жена би си имале работа тие од тајните служби. Ајде, ајде. (Го спушта телефонот, издишува и му се обраќа на Коцак.) Беше?

Коцак: Каде?

Ѕвонко: Да играш домино. На предавања, каде.

Коцак: Бев.

Ѕвонко: И?

Коцак: Океј беше.

Ѕвонко: Значи почна со пишување на книгата што ја зборевме.

Коџак: Како да ти кажам... ако некој од нас двајца ја зборел таа книга а не сум бил јас, тогаш тоа си бил ти.

Ѕвонко: Ама ти ментално си играш домино. А премногу играње домино со својот шеф може да има домино ефект врз разни сфери од твојот живот. Пази, на твои години животот неретко знае од никаде нигде да почне да раѓа лимони. Ти вари тебе желудникот кисело?

Коџак: Ми вари.

Ѕвонко: Тоа зашто не знаеш што значи кисело. Никогаш не си искусил реална криза, мислиш дека може да има искреност во една тужба на зезање од тато, мама, баџанак или стрина?  Добар дел од оние на кои сакаме да помогнеме знаат што е криза.

Коџак: Кому и за што да помогнеме?

Ѕвонко: Секому и за сешто.

Коџак: Баш сешто.

Ѕвонко: Законот за привлечност е реалност. Мојот животен пат е непобитен доказ. А ќе го видиш наскоро и крунското материјализирачко дело на моите мисли. (Се доближува до масата и го става огледалцето в џеб.)

Коџак: Од срце ти посакувам успех, Ѕвонко. Но ова не е за мене. Извини. Не знам ни дали е човечно.

Ѕвонко: Дали е човечно да ми враќаш со кур од овца, а од мене да имаш сѐ Коџак? Не можеш да се пожалиш ама баш на ништо.

Коџак: Да, како една другарка што живее во Саудиска Арабија шо вика дека не може да се пожали. И стварно, како

жена не може да се пожали за ништо. Луѓето полека станува-ат зависни од среќата што им ја продаваш. Книга, онлајн рек-лами, ТВ реклами, билборди, маички, капи, филџани... дури и апликација за смартфон - *Мајстори за огледала*. Ти налага како и кога да спиеш, што да јадеш, каде да искачаш, ти го живее животот. Да не се трошиш енергетски. Сè за некој како ти и јас да профитира ебаго.

Ѕвонко: (Се дере.) Сакаме да помогнеме, да спасиме! Јас не сум уништувач! За тоа има планина докази, и матери-јални и духовни! За тебе веќе не сум воопшто сигурен!

Коџак: Во што си бил ти сигурен воопшто?

Ѕвонко: Во тоа дека животот е овде за да се ужива. Па-ри, злато, жени. И во сета среќа, откако ја видов новинаркана со репортажата најде да ми паѓа жал. Да експериментирам. Ко да не сум видел како човек може да полуди од експери-менти!

Коџак: Дај те молам, за што зборуваш?

Ѕвонко: Постојат луѓе кои малку се шекнале верувајќи на рекла-казала, а потоа скроз забегале. Но јас не допуштам да се најдам меѓу нив. (Од џебот почнува да му вири огледал-цето.)

Коџак: Ти не допушташ да се најдеш меѓу било кого.

Ѕвонко: Да го напуштиш станов до утре изутрина.

Коџак: И ти да кажеш нешто интелигентно. И хумано.

Ѕвонко: Па ете, имаш време до утре.

Коџак: Ми значи.

Ѕвонко: Збогум.

Ѕвонко тргнува да си оди. Коџак го вперува погледот во огледалцето кое на Ѕвонко му вири од џебот.

Коџак: Само малце. (Му го зема на Ѕвонко огледалцето од џеб.) Види богати! Чинам ова објаснува зашто сме биле ***мајстори за огледала***. Мајсторе низаеден!

Ѕвонко: Сум го зел по грешка.

Коџак: (Го вперува огледалото ту кон себе ту кон Ѕвонко.) Да, како што јас се нафатив да ти бидам ghostwriter.

Ѕвонко: Се случуваат грешки.

Коџак: Сум чул за три магични фрази: *извини*, *те молам* и уште една што ќе ја изговорам сега.

Ѕвонко: Океј, океј.

Коџак: Марш у пичку матер бе!

Ја напуштаат сцената.

## СЦЕНА 10

Забавата е почната. Милева, Пепси, Ката и Коџак пијат и пушат цигари.

Ката: Пепси, не знам дали си информиран но ние тројца...

Пепси: (Отпива.) Вие тројца...

Ката: Јас, Милева и Коџак.

Пепси: А, вие тројца. Е што вие тројца?

Ката: Планираме да идеме да се рашетаме. Малце подалеку.

Пепси: Каде?

Ката: Во Данска.

Пепси: Зезаш?

Ката: Имаме некаков план да заминеме.

Милева: Впрочем, нашиот *некаков ӣлан* е егзактен и Пепси е вклучен во него.

Ката: (Издишувајќи погледнува во Милева, па во Коџак.) Да, но ќе треба да се добие поддршка од соодветните инстанци за таков потфат. Така Коџак?

Коџак: Тешко ми е да проценам на своја рака, но можам да прашам. Момент. (Му врти на Хамлет.) Mister Hamlet Anderson, we've made our decision to come and yet, there is one more thing to ask.

Хамлет: Yes?

Коџак: We want our friend Pepsi to come with us. He is a bee-master. And bees nowadays are slowly but steadily moving towards extinction in Western Europe.

Хамлет: Son, our campaign is dedicated to countering and control of immigration into Denmark and Western Europe, not making it a propellant for the workforce here. The same goes for your girlfriend and her sister. And if you ask me, that is a *bad combination*, my pal.

Ката: Ха!

Хамлет: However, that’s your insistence and we’ve already concluded that deal.

Коџак: Yes sir, but Pepsi we think would be able to make a profitable business with his bees.

Хамлет: Oh, I wish him good luck with that. In your country.

Коџак: (Се насмевнува вештачки.) Alright, thanks sir.

Хамлет: No problem.

Коџак спушта.

Коџак: Чувте.

Ката: Како посветена вегетаријанка, не би можела да изберам чувте. Пепси, ти?

Коџак: (Доаѓа до Пепси и го фаќа по рамо.) Треба да има и други начини. Ако не, да ги направиме.

Пепси: Јас всушност добив некои понуди околу извоз на мед, восок и слично... меѓу другото и од германски фирми. Од Хамбург.

Коџак: Тоа е добра вест. Данска и Германија се како пчела и стршлен.

Пепси се фаќа за чело.

Коџак: Што ти е?

Ката: *Лоша комбинација* на зборови му е.

Коџак: Каква *лоша комбинација* мори?

Ката зема тегла мед и со лажичка му става на Пепси в уста. Пепси се ококорува. Ката ѝги подава теглата и лажичката на Милева.

Коџак: Слушаш? Да кажеш дека Данска и Германија се како пчела и стршлен...

Ката: (Го прекинува.) Абе доста!

На Пепси повторно му се слошува, но Милева му дава уште една лажичка и се враќа. Коџак фрла запрепастени погледи.

Коџак: Добро, не ги спомнувам више Данска и Германија. Или...

Ката: Коџак немој и ти ко брат му на Ѕвонко да завршиш у заточиште на планина!

Коџак: Брат му на Ѕвонко?

Ката: Аха! Не ти рекол?

Коџак: Не, а и тешко дека ќе ми рече. Што се десило со брат му?

Ката: Ништо посебно. Одлепил. Почнал да мисли дека со диплома по хемија може од сѐ да прави злато.

Коџак: Не бе, тоа Ѕоне го може само. И што друго дозна за него?

Ката: Бил порочен па му ја шмугнал. Никој ни знае каде ни зошто. На твојон Ѕвоне толку го зезале у маало ради него што за неколку месеци му ја збришал и тој.

Коџак: Порочен викаш? Ќе да го прифатило и Ѕвонко. А можда затоа и е... *клеп̄т̄оман*! Тоа се болести на порочни

луѓе. А и целата таа опсесија со златото. Ѓоа златото да е новиот *Фејсбук*... Туку... ќе земам стан под наем, па дури нѐ пречека Данска со раширени раце, можеме да го делиме. Denmark here we come!

Ката доаѓа до Коцак, го прегрнува и го бакнува.

Ја напуштаат сцената.

## СЦЕНА 11

Шест недели подоцна. Граница меѓу Данска и Германија. Милева и Пепси пристапуваат од различни страни, таа откај Данска, тој откај Германија. Пепси е облечен во фино сако, Милева изгледа за нијанса поправено.

Милева: Пепси!

Пепси: Драга!

Се гушнуваат на самата гранична линија. Се бакнуваат.

Милева: Свесен ли си колку ми недостигаше!?

Пепси: Свесна ли си си ми омиленото парче вселена?

Милева: Си станал фраер и со зборови и со облека.

Пепси: Си се поправила.

Милева: Како тоа?

Пепси: (Поцрвенува.) Па... не мислев за давање комплименти.

Милева: Не сум, будалче. Трудна сум.

Пепси: Трудна? Навистина?

Милева: Аха.

Пепси: Ова мора да се прослави.

Милева: Немам пари за славење. Запад е ова. Не за џабе и Сонцето заоѓа навака. Знае дека одмарањето тука е једино бесплатно задоволство.

Пепси: Штом ти немаш пари, ништо. Не славиме. (Се смее.)

Милева: Што е?

Пепси: Знаеш ли кои контакти ги обезбедив во Хамбург?

Милева: Кои?

Пепси вади бакноти врзани во купче, ги одврзува и го фрла купчето нагоре. Банкнотите паѓаат од обете страни на границата.

Пепси: (Вади банкарска картичка.) Имам и картица.

Милева: Немој и неа, некој ќе треба да ја собира.

Пепси: Таман сакав да ти предложам да живееме заедно во Хамбург. Вележепен град. Одма преку граница. Ми тргна бизнисот.

Милева: Ќе дојдам.

Пепси: Јас сум среќен маж, Милева. И човек на пчелите.

Се слуша пчелино зуење. Пчела му слетува на рамо и тој ја гали.

Пепси: Како им оди ним?

Милева: Добри се. Хамлет ѝдаде работа во неговата приватна телевизиска куќа. Се вика *ТВ Апозиција*.

Пепси: Имаме прогрес значи.

Милева: Имаме. Само што газда Хамлет премногу се двоуми.

Пепси: Па Хамлет е.

Милева: Па е.

Пепси: Али тие ако се двоумат, пренеси им дека сѐ е до перцепција. Многу повеќе одошто одразот во огледалото. Ако не се перцепираат таму - можат во секое време кај мене. Работа има, ПР агенциите и телевизиите аздисаа, земјоделските компании и уништувачите на овие беспомошни суштественца... (Ја бакнува пчелата.) уште повеќе.

Милева: Ќе им пренесам.

Пепси: Една од главните компании со кои соработувам ми бара восок за чистење и полирање огледала.

Милева: Убава иронија.

Пепси: Како самиот живот, мила. Let’s party tonight!

Ја напуштаат сцената со музика.

## СЦЕНА 12

Станот на Пепси во Хамбург. Масата е полна бележници и документи. Пепси седи и сурфа на интернет.

Пепси: Ај мамата! Ех мој Ѕвонко...

Станува откај лаптопот и почнува да медитира. Пред вратата е мрак. Се појавува човечка фигура. Ѕвони на ѕвончето. Пепси продолжува да медитира испуштајќи длабоки здивови. Фигурата ѕвони повторно, забрзано.

Пепси: Ех, некој ѕвони. Некој ѕвони, некој ѕвони, ѕвони, ѕвони. Кој и да ѕвони вака, му треба една фина медитација.

Пепси го пали светлото и се разоткрива Ѕвонко. Стои пред вратата и носи златна кошула.

Пепси: Ти? Космосов е чудо.

Ѕвонко: Ако му наредиме да биде.

Пепси: Па каде тоа се гледаме?

Ѕвонко: Е каде де!? Моментално пред праг, а ако ме пуштиш и кај тебе дома.

Пепси: Повелај.

Ѕвонко влегува внатре и разгледува.

Пепси: Што ќе се напиеш? Имам еден нов пијалак од мед.

Ѕвонко: Мед? Не фала. Доволно ми е меден животот. А и некако мутен е. Бар малце попроѕирен да беше.

Пепси: Од медот се правела амброзија. Храна на боговите.

Ѕвонко: На боговите викаш? Што пијалак е?

Пепси: (Тура во две чаши.) Газиран, како „Пепси“. Можеби и ќе го брендирам. Ќе се вика *Мутен кола*.

Ѕвонко: (Отпива.) Можеби? Па ова ти е чист бизнис! Иначе топ име.

Пепси: Фала, ми значи. Мутен на германски ти значи нешто као *рашљање*, *радиестезија*.

Ѕвонко: (Ја испива пијачката.) Значи трагање по богатство со божествени моќи. Божествена кола. Има ли посоодветно име за ова злато што се налева!

Пепси: (Му става уште една пијачка.) А што ти е тоа што го носиш?

Ѕвонко: (Пие.) Добро сега, не е злато како ова.

Пепси: Тоа што го носиш е злато?

Ѕвонко: Твојон пријател-скептик ме праша нешто за татко му. Му реков дека треба не само да се визуелизира ами да се почувствува новата реалност во настанување. Му реков дека ќе дојде еден ден, еден златен ден кога ќе го демантирам! (Ја допива пијачката.)

Пепси: И тој ден е овој?

Ѕвонко: Па ако имам кошула од 24-каратно злато од Индија, ти процени.

Пепси: Дваесет и четири карати!

Ѕвонко: Ова што го носам е копија. Оригиналот пред малку стигна во Скопје и е веќе пратен за проверка.

Пепси: Шо така?

Ѕвонко: Ќе имав проблеми со транспорт преку граница. Не дај боже да се погодеа некои нови цариници. А оние кои ги знам почнале чувство за осет да губат со процентите.

Пепси: А каква проверка?

Ѕвонко: Чисто формална. Да видиме дали е сè скроз океј.

Пепси: Јасно. А зошто ја носиш кошулава?

Ѕвонко: Е бе Пепси, барем ти си свесен околу Законот за привлекување.

Пепси: Па ова ти е фејк кошуља. Којзнае што можеш да привлечеш.

Ѕвонко: (Го погледнува попреку.) Не можев да издржам. Со години го чекав мигот да ја облечам. Како што ти се тебе пчелите пасија, така мене... туку знаеш, како што порасна компанијата и здоби влијание врз другите социо-економски сфери, размислував... не е лош моментот да се влезе во политика.

Пепси: Кај нас доле?

Ѕвонко: Само кај нас. *За жал, или за почеток*. Еве, изборите завршија со резултат без преседан. Совршено ист број гласови за власта и за опозицијата. Сега во таа нивна изедначеност многу гледаат *од Бога, јас би рекол - од Космосот дадена* шанса за трета опција. А тоа не е случајно. И усогласувањето со Законот за привлекување ми налага да формирам

нов политички субјект спремен за полноправно учество во нашата плурална демократија.

Пепси: Од срце ти посакувам успех, Ѕвонко. Но тоа не е за мене. Извини. Не знам ни...

Ѕвонко: (Го прекинува.) Добро, добро. Ова како да сум го чул веќе. Ако не можеш - твоја работа. (Го разгледува станот и си тура уште една пијачка.) Како и да е, си се средил убаво. Горд сум на момци како тебе. Ако ја добијам поддршката од народот, ќе направам да ве има што повеќе!

Пепси: Што повеќе кои би ја напуштале земјата?

Ѕвонко: Таман работа. Зборувам за реализација на соништа. Како на пример, реализацијата на мојот дамнешен сон да ми излезе книга во Германија кој треба да се случи токму деновиве. А што и е причината за моето доаѓање овде. Да те замолам, ако имаш некои контакти околу дистрибуција...

Пепси: (Со кисела насмевка.) Би ти дал контакти, но... ти стварно не си читал вести?

Ѕвонко: Зависи какви.

Пепси: Важни. За тебе.

Ѕвонко: Вести за мене?

Пепси: Повели, на лаптопот е отворена статијата.

Ѕвонко седнува зад лаптопот.

Ѕвонко: (Чита.) Познатиот американски писател со индиско потекло Шринивааса Расел... кој андрак ќе беше овој... го тужи Ѕвонко Пампур! За плагијат?! (Се тргнува.) Некој златен ден има да ми пукне филмот и овие со лажниве вести ќе кркаат тужби на три спрата!

Пепси: Објавено е на дваесет и четири места.

Ѕвонко: Дваесет и четири места точка мк?

Пепси: (Доаѓа до лаптопот и сурфа.) Погледни. За неколку саата целиот интернет е бомбардиран со веста. Те има на мемиња. Нешто слично како со рекламата.

Ѕвонко: Зезаш? (Станува несигурно.) Па ова е бољи момент за политичка кариера од она со рекламата!

Пепси: Поднесена ти е меѓународна тужба.

Ѕвонко: Бесплатен маркетинг! Да им ринев пари директ во фиока немаше да ме популаризираат толку. (Му ѕвони мобилниот.) Секунда само. (Крева.) Hello! Yes, I'm reading it at the moment. What? (Кон Пепси.) Објавиле и по **странски портали**!!!

Пепси: Па да де.

Ѕвонко: (Го доближува телефонот од кој виси привезоче со мало восочно индиско слонче.) Listen, I don't know who this Srini-whatever Hindu guy is. Do you hear me?! Oh, you can't do this to me! No! Fuck you, you lying piece of shit! You're breaking our agreement! I will sue you too! Get the fuck out. (Го спушта телефонот.) Кој андрак?

Пепси: Шо бидна?

Ѕвонко: Дојдов ради една битна причина во оваа земја. Го завршија преводот на германски, требаше денес да влезе во печат!

Пепси: Издавачот ја прочитал веста?

Ѕвонко: Сто илјади тираж! Море мајчината нивна! (Го подига мобилниот и ѕвони.) Ало Коџак! Ме слушаш? Не? (Се наместува во полулежечка позиција со нозете потпрени на

маса.) Сега? Sehr gut! Пред да експлодирам од бес околу тоа што си пишувал во таа тоалетна хартија од книга, кажи ми *добар си*? Мислам со умот дали си добар!? Свесен ли си во кои говна ме стави? Ќе те тужам бре дете невоспитано! (Му ѕвони и вториот мобилен.) Извини секунда. (Го подига.) Да? Да? **ДА?** Навистина? ***Лажно злато?*** (Зјапа во Пепси.) Да, ова што го носам **е** лажно злато.

Пепси: Реков ја.

Ѕвонко: Чекај, чекај... тоа го покажа тестот? (Ја пружа чашата кон Пепси.) Стави ми **медена кола!** (Во телефонот.) Ми велиш дека шупакон Индиец ми продал лажно злато за сто и кусур илјади евра за кое скокав од радост дека го шверцавме преку граница во кутии предвидени за книги!? Тоа ми го велиш? Размисли што ми велиш! Ти давам минута!

Ја испива полната чаша на екс, го спушта телефонот и погледнува во публиката. Му стигаат нотификации на третиот мобилен. Ги чита во шок. Му го дава мобилниот на Пепси. Си става уште една пијачка.

Пепси: Англија, Франција, Данска, Узбекистан... охохо сите издавачки куќи ти откажале?!

Се слуша гласот на Коџак од првиот мобилен телефон.

Коџак: Ало? Ѕвонко добар си?

Ѕвонко: (Отпива од пијачката и го подига мобилниот.) Александар стигнал до Индија и умрел. (Гледа во пијачката.) Којзнае кому верувал... (Спушта. Го подига вториот телефон.) Која е веројатноста да излаже тој тест? Нула?! (Му паѓа мобилниот. Кон публиката.) Нула... нула... (Го подига првиот телефон.) Дете, ти си една голема НУЛА. Но јас сум поголема од тебе штом си ги привлекол моите мисли... (Се слуша гласот на Коџак.)

Коџак: Не сум направил никаков плагијат! Се работи за универзални правила и закони за среќата, така да не се замарај и следи ги законите.

Ѕвонко: Не си направил плагијат? Да, во очите на јавноста **јас** сум направил. Затоа што тебе не те сметаат, ти си нула. (Се слуша гласот на Коџак.) Не ти верувам. (Спушта. Кон Пепси.) Таа посрана Индија што на душа ќе нè носи и мене и Александар... (Го имитира Коџак.) *Се работи за универзални правила и закони за среќата, така да не се замарај и следи ги законите.* Да ги следам марфиевите закони? Законите за привлекување? Законите... на Ѕвонко?

Ѕвонко ја допива пијачката. Движењата му стануваат нестабилни. Пепси љубопитно гледа во неговиот мобилен телефон.

Пепси: Многу испи. Пијалакот во таа количина почнува да има ентеогено дејство.

Ѕвонко: (Деконцентрирано.) Какво?

Пепси: Ентеогено. Како DMT, супстанца што предизвикува халуцинации, а ја излачуваме кога се раѓаме и пред да умреме.

Ѕвонко: Мислиш ова е халуцинација?

Пепси: Не знам. Но знам дека... (Му го зема првиот мобилен и го вади привезокот.) привезоков ми исчезна кога дојдов да волонтирам кај тебе.

Ѕвонко: Восочно слонче...

Пепси: Да, восочно слонче по Хинду богот Ганеш. За среќа.

Ѕвонко: Ти го земав...

Пепси: Без да прашаш. Ќе ти го дадев. Навистина си бил... клептоман.

Ѕвонко: Така те информирале?

Пепси кима.

Ѕвонко: (Полусвесно.) Пропаганда бе... мамицата. (Паѓа наземи.)

Пепси: Ѕвонко! Добар си, Ѕвонко?

Ѕвонко му го зема восочното слонче од раце.

Ѕвонко: Добар сум. Какво среќно, насмеано слонче!

Пепси: (Потстанувајќи.) Да, тоа е... симбол за сре...

Ѕвонко го голтнува слончето.

Пепси: Не! Ѕвонко! (Кон публиката.) Го голтна Ганеш. Со бог ме дочека, со бог ме испраќаш.

Ѕвонко: Сега Бог е навистина во секој од нас. Штета што сум атеист.

Завесата е спуштена.

## СЦЕНА 12

Половина година подоцна. Станот на Мито и Марина. Мито изгледа свежо, облечен е во отмен костим и чита весник. Марина носи нов домаќински фустан и плете детско елече. Ѕвончето ѕвони.

Марина: Некој ѕвони.

Мито врти нов лист.

Марина: Слушаш?

Мито: Ајде, сега ќе отворам.

Мито станува, но вратата се отклучува и влегуваат Коџак и Ката.

Мито: Вие? Влегувајте.

Коџак: Не сме за влегување. Само сакав да ви кажам... фала.

Марина: Ама ајде, влегувајте. Сте прошле толкав пат па сега три чекори не ви се даваат.

Мито: Седи бе, шо ќе прајш тука.

Ката: На поминување сме. Ќе дојдеме пак.

Коџак: Сакам секогаш да ве гледам вакви... Има вистина во тие Њу Ејџ мудрости на интернет кои секој втор ги става во книга, мислејќи дека се негов оригинален производ - *Ако некого сакаш да го видиш среќен, биди со него, зборувај му ја вистината и сакај го*. (Вади плико и му го подава на Мито.) Ова е за вас.

Мито: Пари? Сине, не можеме да прифатиме. Даде повеќе одошто би ни требало.

Коџак: Не вели двапати. (Се свртува.) Се гледаме покасно.

Мито: Сине...

Коџак: Останете вакви до после.

Коџак и Ката заминуваат.

Мито: (Го остава пликото.) Ми затрепери срцето.

Марина: Поарно да не ти трепери.

Мито: Вака не сум се чувствувал откако преминав во сладоледџија од фризер.

Марина: Мислиш откако почна да правиш сладоледи со вкус на коса.

Мито: Ех времиња. Добро ти текна тоа со тужбата.

Марина: Ти велев толку време. Да не го подбуцневме и него и медиумите кои едвај чекаат да уловат некоја сензација, јоктур ќе му се правеше бизнисот.

Мито: Ех младиве денес... да не ги стрпаш ко пачаври во машина, ни атракција, ни мајсторлук ќе досегнат и достигнат!

Завесата е спуштена.

Крај.

# РЕЦЕНЗИЈА ЗА ДРАМАТА „МАЈСТОРИ ЗА ОГЛЕДАЛА“ ОД СТЕФАН МАРКОВСКИ

Не е само да се напише една драма; да се разработат конфликтот и ликовите; да се каже нешто ново, а старо; да се стане дел од еден Аристотелијански принцип, да се избере линеарна структура и да се раскаже нешто старо, а ново. Есенценцијален е изборот на темата, јадрото преку кое авторот ќе го изрази својот поглед на свет.

Парадоксот со кој се соочува во себе е парадокс кој настанува кога ликовите се компромитираат во еродиран систем на вредности, каде протагонистот веќе ја губи желбата за себеспознанието, толкувано од гносеолошки аспект.

Драмата на Стефан Марковски „Мајстори за огледала“ најопшто може да се дефинира како *Комична фарса за догмита на еден глобално еродиран свет*.

Драмата почнува со распад на едно семејство, меѓугенерациски јаз, каде протагонистот е протеран од својот дом, обременет со егзистенцијални проблеми-тешкотии при неговото материјално и духовно постоење; принуден е на слобода, што е оксиморон и драматуршки комплексен концепт за протагонист кој одбива да ја промени својата судбина. Ова дело има 12 сцени, со автентичен авторски стил изразен преку линеарна драматуршка структура и контемплативна драматуршка нарација во манир на фарсичниот жанр, преку прецизните конфликти и изградени ликови; исто така и како автентичен ракопис, контемплативна поетика на драмската дикција, современ сленг, англиски фрази соодветни на современиот глобален контекст и во контекст на драмата. Понекогаш низ современиот јазик користи стари архаични зборови, вметнувајќи ги меѓу реченични кованици од современи сленгови, што дава карактеристичен дух и говор на ликовите, користејќи и комплетно свои креативни изрази што се само дел од неговиот ракопис.

Коџак Чернопеев, протагонист и антихерој на оваа драма, чиј прекар има низа етимолошки значења, а презимето зборува само за себе, е писател кој не ја продава својата душа, но го продава својот талент, своето име, на почетокот поаѓа кон тоа да се самоодрекне од сопствениот идентитет, прифаќајки да биде Ghostwriter на бизнисменот Ѕвонко Пампур. Книгата што протагонистот ја пишува се вика „Мајстори за огледала". Ова започнува и заплетот на драмата, а корумпираноста е во тоа што таа треба да биде книга за среќата, книга која повикува на среќа; корупција за да се напише книга која ја има задача да ја „силува" среќата, да манипулира во име на среќата, оксиморон во многу суштини и парадоксално интерпретирање на реалноста.

Ваквиот заплет кој во основа е современа реалност на нашето секојдневие досега не беше третиран во македонската драматургија.

Огледалата се нашиот одраз, она што ние испраќаме на универзумот, тоа ни се враќа по принцип на огледало. Со драмска иронија Марковски фарсично го интерпретира верувањето дека енергијата се враќа онаква каква што ќе ја испратиш во универзумот, затоа што истото ова без современите изрази и фрази го знаеле и старите и мудрите, а дека среќата треба да се заснова на постабилни вредности Марковски автореференцијално коментира во фарсичен дух преку ликот на протагонистот.

Антагонистот Ѕвонко Пампур, бизнисмен, човекот кој финансира, а штом финансира тој знае, а штом финансира и знае тогаш другите работат за него, е стереотип за општествен паразит, човек кој не губи време ако нема профит, човек на глобализацијата. Секоја аберација, девијација и неприродност за него е лукавост или плод на „позитивна мисла", добар бизнис план под матни услови. Обратна етика - не етика и возгордеаност од истата, со одговорност и желба да одлучува за судбината на другите ликови. Коџак од него добива дом и финансии за лековите на својот татко, а Ѕвонко добива книга со диктирана содржина под негово име.  Коџак знае да каже: *„... проблемот на оваа држава не се невработените, пробле-*

*мот се вработените. Проблемот на ова општество не се лузерите, туку победниците. Проблемот на ова општество не се оние кои живеат со тато и мама, проблемот е во оние кои не живеат со нив...“*

Служејќи се со музичка метафора преку традиционалната песна од безимен автор *Home on the range*, како важна шеста компонентна во секое драмско дело и преку нејзините стихови, тој ја покажува внатрешноста на ликот и ја отсликува мотивацијата со која се оправдува заплетот. Всушност, преку песната гледаме што протагонистот посакува од антагонистот прифаќајќи ја својата „жртва“.

Да се има среќа во животот, љубовта и парите. Да не се биде „лузер“. Да му се даде на животот неприродна динамика. Да се наплати секоја минута во времето. И така Коџак како многу писатели кои на крајот уметноста ја продаваат за пари, решава да собере повеќе авангардни психолошки теории и да ги склопи во нова self-help книга. Тука Стефан Марковски дава нова линија на заплетот, односно се поставува прашањето што значи денес да се биде оригинален автор. Дали е веќе сѐ напишано, сѐ препишано. Во време кога колективната амнезија постојано се случува и прифаќа, лесно се заборавaат вчерашните вистини во наплив на моментална еуфорија за пари, ништо што е запишано не се сфаќа сериозно и секој може да препише и допише. Затоа ликот на Коџак е често инхибиран и во себенегација, но исто и фрустриран и бунтовен, но пак, пасивен во истото, бидејќи својот бунт го изразува вербално, а дејствува спротивно. Митот за писател со романтична душа, со длабока посветеност, човек кој сака да промени нешто во своето постоење, а со тоа во постоењето на другите, е комплетно разобличен, но доследно изграден. Во своите скромни причинско-последични одлуки во длабока конфузија го следи Ката, новинарка и негова љубовница.

Книгата „Мајстори за огледала“ доживува успех благодарение на една реклама што Коџак ја прави за книгата, „наменета“ за одредена публика а „завршена“ кај друга, а која во суштина ги спушта сите естетички критериуми, а сепак, токму како лоша реклама има круцијален ефект врз славата

на книгата. Уште повеќе се раздлабочува проблемот околу темата, сега веќе не е во прашање авторот, туку и рекламата на делото. Иронијата дополнително кулминира кога делото се доживува преку рекламата која наметнува сензација и влијае на тоа делото да се воспριема некритички. Ситуациите не престануваат да се одвиваат обезвреднати од својата суштина, сите ликови добиваат слични психолошки карактеристики, манипулативни снаоѓачи во егзистенцијата, каде протагонистот се себегризе, но не се променува, а антагонистот го одвлекува секој што може во својата златна кал. И тука е ликот на Ката која е дел од коруптивната приказна уште пред Коцак да стане и негов тригер во моменталната судбина, затоа што таа е прва која објави приказна за младиот Коцак кој нема свој дом и го афирмира во јавноста, а со тоа го навлече Ѕвонко Пампур да пристигне со својата понуда во услови кога тешко се одбива. Во петтата сцена протагонистот добива опција да биде спасен, што е досетлива авторска интервенција и индиректно не навраќа за прашањето на интелектуалецот, преку конструиран концептуален опозит интервенира во логиката на приказната и ја продлабочува еклектиката, еклектиката која од самиот почеток постои преку карикатуралното градење на ликовите во функција на еродираниот современ свет. Марковски го наоѓа Хамлет како солуција на овој проблем, Хамлет кој се јавува од Данска и работи во десничарска политичка организација која се занимава со проблемот на емиграцијата и бара од Коцак да работи во PR одделот и има доверба во него поради успехот на рекламата за книгата на Ѕвонко „Мајстори за огледала“.

Коцак се решава самиот да емигрира за Данска, а со него да ја земе и Ката. После разговорот со Хамлет, Коцак одлучува да ја прифати новата прилика. *„Коцак: Luck is but a coronation of the right decisions. And decision-making is a thoughtful process. At least that's what I wrote… I mean what I read in Zvonko's book“.*

Ката има барање од Коцак да ја земе и нејзината сестра во земјата Данска, во која „има многу пари , а секаде каде има пари има и мигранти“. Поделената личност во ликот на Ката,

која го прилагодува сопственото битие на моменталните приоритети, таа носи брзи одлуки, брзи решенија, си задава цели. Таа воопшто е лишена од емоционална длабочина, ниту пак бара подлабока емоционална иницијација од Коџак. Нивната игра на љубов е само игра на затекнати незрели индивидуи, кои се оптоварени во време кога вредностите на личноста се диктирани од надвор преку „нереализирани его авторитети". Ката лесно ја прифаќа улогата во сексистичката манипулација која се појавува како општествена рефлексија, таа секогаш го наоѓа вистинскиот одговор, па дури и во навредливите сексистички конотации, ваквата игра нејзе ѝ одговара, во ваквата игра таа се снаоѓа, само преку ваквата игра таа може да го игра и да го движи Коџак во нејзин правец. Коџак ја задржува во својот живот од мигот кога се појавува во првата сцена, до крајот на драмата и потоа. Иако таа има лабилно однесување, како опкружувањето во нејзината примарна и професионална средина, таа не е катализатор кој ќе го промени внатрешниот свет на протагонистот, таа само ќе поттикне неговото позиционирање во надворешниот свет. Во неа го има мотивот да се биде најдобра и да се провоцира; но во што да биде најдобра и кого да провоцира? Нејзината климава карактерност посебно се истакнува кога во нејзиниот живот се појавува ликот на Пепси кој е беневолентен во односот со неа.

Пепси е лик кој по многу нешта е утопистичен, кој во сопствената природа се коси со желбата да го истакнува својот интегритет, тој бескомпромисно ги следи принципите на објавената книга и верува дека може да ја достигне сопствената среќа. Тој успева во тоа. Марковски тука отвора едно длабоко етичко прашање во односот на индивидуата. Имено сите тука сакат да го истакнат својот интегритет, по принцип на омаловажување и обезвреднување на туѓиот, и во таа трка на пари и власт интегритетот колку што расте, толку се себеразнебитува. Најверојатно е среќен оној кој се натпреварува со самиот себе, не со другите околу себе. Во ваквата сурова хиерархија, каде посилниот го потиснува послабиот, во случајот почесниот, Пепси е наивно но искрено среќен и посветен на сопствената среќа, но сепак нивото на свеста на дру-

гите, вклучувајќи го и Коџак на почетокот, е дотаму што не го сфаќаат сериозно. Сепак во драмата тој е херој и ја наоѓа својата среќа и во успехот и во љубовта со Милева, сестра на Ката. Додека протагонистот во драмата е и на моменти антихерој, Пепси е херој роден од загубното дејствување на протагонистот по пат на инерција. Ваквиот херој го оправдува постоењето на антихеројот. Пепси не се поколебува во своите одлуки за животот. Пепси не се расколебува дури ни кога ќе дознае дека книгата е превара, дека авторот е лажен. Тој се држи до добрите пораки и ги применува. Со ова Марковски отвора нов контекст во самото дело, во време на медиумски империјализам, длабоките размисли се комплицирани за луѓето од дигиталното општество и мегауспеси постигнуваат полулитерарни дела - полупсихолошки дела, само затоа што пренесуваат убави пораки и позитивни флоскули. Сепак иако аналитичниот ум на Коџак се бори да прифати, Пепси потврдува дека „празните флоскули“ можат да функционираат во реалноста. И осмата сцена започнува така што книгата ќе биде претставена на Франкфуртскиот саем на книга.

Иако преку ова драмско дело се суди на времето во кое живееме, ликовите воопшто не се лишени од длабочина. Протагонистот е сепак полн со љубов потисната но изразена преку грижата за родителите, преку континуитетот во емоционалната врска со Ката. Подвизите кои ги прифаќа тој морално ги преиспитува, но дејствува онака како што е нужно. Кога успехот на книгата достигнува кулминација (што е и кулминација во самото дело), Ѕвонко Пампур сака да достигне слава до Индија, како Александар Македонски, што е луцидна фарсична метафора со актуелен контекст.

Протагонистот одлучува дека не е човечно да се продолжи понатаму и заминува. Во перипетијата се појавува поимот човечност. Како никулец кој изникнува после девет сцени мраз и рамнодушност кон хуманото, во име на брзиот успех без вистинска благодет и утрешнина. Преку пресвртот јасен е ставот и точката на гледање на авторот, *да се биде среќен прво треба да се биде човек*. Но како?

И така Пепси заминува во Германија, каде му се отвора шанса да работи со пчели. Коџак и Ката во Данска, Милева заминува со нив, но подоцна останува со Пепси.

И повторно среќата се бара некаде надвор од својата земја во Европа, каде има дефинирани правила на игра во кои ако си превртлив не те играат. За жал повторно се судруваме со реалноста дека несредениот систем не нуди други опции, туку раселување. Стефан Марковски преку оваа Комична фарса за догмите на глобално еродираниот свет, нè соочува со фактот дека малите земји со мали пазари остануваат центри за корупција, додека миграциите непрестано ќе се одвиваат во пренаселените европски држави. Во сето ова можеш да останеш човек, но не можеш да ги промениш тековите, можеш да ја промениш својата индивидуална судбина.

Расплетот на драмата се случува кога писател со индиско потекло Шривинаса Расел го тужи Ѕвонко за плагијат на книгата, токму во мигот кога Ѕвонко сака да се вплетка во политичките кругови. Така наплаќаат универзалните правила и закони на среќата, односно „невидливите богови“ што сите ги заборавaат мислејќи за себе дека се творци на својата среќа. Драмата завршува таму каде што почна, со родителите на Коџак кои го придвижија неговиот живот во драма од која тој излезе променет.

Ова дело е инспиративно за постановка, меѓу другото, и заради повеќеслојноста на карактерите-двигатели на драмското дејство, што отвора можност за креативна интерпретација.

*Катерина Момева*

# БИОГРАФИЈА



Стефан Марковски (р. Гевгелија, 01.12.1990) е современ македонски книжевник и филозоф.

Дипломирал на Катедрата за општа и компаративна книжевност и на Институтот за Филозофија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Магистрирал на Факултетот за Драмски Уметности – насока *Филмско и ТВ сценарио*.

Автор е на книги од различни жанрови и области, романите: „Еднонасочно“ (2009) и „Еретички писма“ (2018); збирките раскази: „Продавачот на ветар и магла и други приказни“ (2015) и „Смртта долетува насмевната“ (2017); поетските збирки: „Апеирон“ (2010), „За некои спомени на онаа некогашност“ (2010), „In Nomine“ (2016), „Сиво сјаат вселените“ (2016), „По трагата на белиот грифон“ (поезија, 2018), „Хипербог“ (2019); теориско-сценаристичкиот магистерски труд „Потенцијалите на жанрот крими-драма преку сценариото за игран филм *Се викам Слобоѕа*“ (2019); драмата: „Мајстори за огледала“ (2019).

Автор е и на книги од областа на филозофијата и психологијата, „Хиерархиска еволуција на свеста“ (2012), „Мета-(де)конструкција и општа филозофија“ (2012) и „Среќата е глагол“ (2013), како и на пионерски труд од областа на неврофилозофијата насловен „Улогата и влијанието на неврофилозофијата врз современите когнитивистички и физиолошки парадигми за свеста“ (2018).

Марковски е добитник на книжевни награди, меѓу кои: „Петре М. Андреевски“ (2009) за роман, втора награда од МАНУ за расказ (2008), „Бели Мугри“ (2016) за поетска книга, „Крсте Чачански“ (2017) за збирка раскази, „Книжевно перо“ на Хрватското книжевно друштво (ХКД) за книга на годината вон изданијата на ХКД (2017), „Македонска книжевна авангарда“ (2015) за збирка раскази, „Седмоноемвриска награда“ на Општина Гевгелија (2014) и тн.

Член е на Друштвото на писатели на Македонија, европската поетска платформа Версополис, македонскиот центар на Интернационалниот театарски институт и други асоцијации.

Главен и одговорен уредник е на најстарото македонско книжевно списание – „Современост“ и е уредник на поетските збирки вклучени во проектот „Метрички карван“.

Делови од неговото творештво се објавени на повеќе јазици.

# Содржина:


СЦЕНА 1 ........................................................................ 5
СЦЕНА 2 ........................................................................ 10
СЦЕНА 3 ........................................................................ 18
СЦЕНА 4 ........................................................................ 26
СЦЕНА 5 ........................................................................ 39
СЦЕНА 6 ........................................................................ 53
СЦЕНА 7 ........................................................................ 66
СЦЕНА 8 ........................................................................ 72
СЦЕНА 9 ........................................................................ 86
СЦЕНА 10 ...................................................................... 89
СЦЕНА 11 ...................................................................... 93
СЦЕНА 12 ...................................................................... 96
СЦЕНА 12 ...................................................................... 103

РЕЦЕНЗИЈА ................................................................... 107

БИОГРАФИЈА ................................................................ 115

**Издавач:**
СОВРЕМЕНОСТ
ул. Френклин Рузвелт бр. 8 Скопје
mksovremenost@gmail.com

**За издавачот:**
Мишо Китаноски

**Уредник:**
Славчо Ковилоски

**Печати:**
Академски печат, Скопје
ул.: Партение Зографски 77[а]
akademskipecat@yahoo.com

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-2

МАРКОВСКИ, Стефан
Мајстори за огледала / Стефан Марковски. - Скопје : Современост, 2019. - 118 стр. ; 21 см

Слика и биографија на авторот: стр. 115-116

ISBN 978-608-4501-54-1

COBISS.MK-ID 110920970